43

НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# НОТАРИУС

CHAMBRE DES NOTAIRES
DE LA RÉPUBLIQUE
DE MACÉDOINE DU NORD



Издавач:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Главен и одговорен уредник:
нотар **Игор Ефремоски**

Редакциски одбор:
нотар **Вјолца Мехмеди,**
нотар **Цеца Малева Стоев,**
нотар **Лидија Симонова Трајчева,**
**Садула Изаири,** судија во Основен суд Тетово
д-р **Горан Коевски,** редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје
д-р **Дејан Мицковиќ,** редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје

Адреса:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ**
бул. „8 Септември” бр. 2/2, 1000 Скопје,
Тел.: 02 3115 816
Секретар: 078 219 867
e-mail: contact@nkrm.mk
www.nkrm.org.mk
Даночен број: МК 4030998346127
Жиро сметка: 240010000006382
УНИ БАНКА АД Скопје

Лектор:
**ЗОРИЦА МАНАСКОВА**

Графички дизајн и техничко уредување:
**СТУДИО КРУГ Скопје**

Печати: **ПРОПОИНТ Скопје**

Тираж: **300** примероци

Изнесените ставови и мислења и презентираните факти во трудовите објавени во Нотариус се на авторите и не секогаш ги одразуваат ставовите и мислењата на издавачот.

Дел од терминологијата која се користи во текстовите, специфична за проблематиката на темите во весникот, е оставена онака како што мислеа авторите, без поголема лекторска анализа.
Од лекторот

НОТАРИУС 43

# СОДРЖИНА >>


**ГЛАВА I**
СТРУЧНИ ТЕМИ . . . . . . . . . . 5

НОТАРСКИОТ ЕТИЧКИ КОДЕКС КАКО МОРАЛЕН ЗАКОН
ВО ПРОФЕСИОНАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА НОТАРИТЕ
д-р Фиданчо Стоев, судија во пензија . . . . . . . . . . 7

НЕСТРУЧНО ПОСТАПУВАЊЕ КАКО ОСНОВ ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА НОТАР
Теофил Томановиќ, судија во пензија . . . . . . . . . . 11

ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА КАКО ОСНОВ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ
НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ
проф. д-р Ангел Ристов, Редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ УКИМ Скопје . . . 18

**ГЛАВА II**
МАТЕРИЈАЛИ
УТВРДЕНИ ОД СТРУЧЕН СОВЕТ И
УСВОЕНИ ОД УПРАВЕН ОДБОР . . . . . . . . . . 35

ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊА ПОСТАВЕНИ НА НОТАРСКИ ДЕНОВИ,
одржани на 8 и 9 април 2023 година . . . . . . . . . . 37

**ГЛАВА III**
ЈАВНИ ОПОМЕНИ . . . . . . . . . . 45

**ГЛАВА IV**
ИНФОРМАЦИИ ЗА НОТАРИ . . . . . . . . . . 51

СПИСОК НА ПЕНЗИОНИРАНИ НОТАРИ, . . . . . . . . . . 53

ИМЕНИК НА НОТАРИ, . . . . . . . . . . 55

ИМЕНИК НА ПОМОШНИЦИ НОТАРИ . . . . . . . . . . 81

# ГЛАВА I

## СТРУЧНИ ТЕМИ

# НОТАРСКИОТ ЕТИЧКИ КОДЕКС КАКО МОРАЛЕН ЗАКОН ВО ПРОФЕСИОНАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА НОТАРИТЕ

**д-р Фиданчо Стоев**
судија во пензија
член на Стручниот совет на НКРСМ

## Вовед

За насловот на темата претпочитав една мисла на познатиот германски филозоф Емануел Кант, изразена при крајот на XVIII век, која несомнено одолева на времето, а која гласи: **ништо во светот не ме возбудува толку колку моралниот закон во мене и ѕвезденото небо над мене.**

Каква само брилијантна споредба на моралниот закон во човекот и ѕвезденото небо во космосот, колку далечни нешта а колку блиски меѓу себе по својата величественост, недостапност и неосознаеност, па сосема природно го возбудува научникот, кој трага по непознатото во микро и макрокосмосот.

Преку **моралниот закон** што го носи и гради секој човек во себе се изразува и дел од карактерот на неговата личност, затоа што како што вели еден друг филозоф – Николај Берѓаев (напишано во 1939 година): **Човекот е загатка во светот, и тоа не како дел од природата и општеството, односно како социјално суштество, туку како личност, токму како човекова личност со единствено човечко лице, со неговата единствена судбина... Тајната на човековата личност, вели тој, се изразува во неговата апсолутна единственост, незаменливост, неговата неповторливост и неговата неспоредливост.**

Сепак, и покрај единственоста и индивидуализмот – повеќе или помалку нагласени кај секој човек, тој е и социјално суштество кое се наоѓа и се потврдува себеси во односите со другите луѓе.

Оттука човекот, покрај моралот во себе, го гради и моралот во обид на обичај и во својата потесна или поширока околина. Значи моралот се гради и се менува низ вековите во зависност од општите и посебните услови на животот и верувањата.

Како што е општо познато, општиот поим морал (лат: *mos, moris*) значи обичај, правило на однесување на луѓето кон себеси, кон другите и кон светот, со свој став и определување за појавите оценувајќи ги како добри или лоши, исправни или неисправни.

Етиката, пак, како наука на моралот, ги утврдува во форма на етички норми основните принципи на моралното однесување и делување, како и

критериумите на вреднување на моралните постапки уште од античката доба (вистината, убавината и добротата), за подоцна низ вековите етичките вредности да се прошират со општа корист, слобода, еднаквост, мир, правда и др.

Во рамките на општиот морал и етиката во секое општество исклучително е важна професионалната етика што се гради и уредува во бројните професионални области, меѓу кои и во правото, со професионалната етика на носителите на професионалните функции, односно правната професија, во која влегува и нотарската професија, кај која може да се каже дека се исклучително важни етичките правила и предизвици: 1) нотарот да биде и да остане непристрасен застапник на двете странки во нотарското работење; 2) доследно да ја почитува волјата на странките во подготвувањето на нотарските исправи; и 3) секогаш да обезбедува законска и функционална веродостојност на нотарските исправи и на други акти.

Во овој труд се прави обид, во светлина на напред изложеното разбирање на општите поими на моралот и етиката, да се интерпретира и вреднува концептот на новиот Кодекс на професионалната етика на нотарите во РСМ.

## 1. Концептот на новиот Етички кодекс на нотарите

Новиот Кодекс на професионалната етика на нотарите (донесен на 16 април 2022 година од Собранието на НКРСМ), според утврдениот концепт и содржина, содржи:

- **Преамбула:** содржи правни и деонтолошки (етички) извори и основи на новиот Кодекс;

- **Основни начела:** се дефинираат, односно се наведуваат суштината и содржината на секое посебно од вкупно деветте начела (стручност, законитост и совесност со постапувањето, независност и непристрасност, самостојност, неспоивост, достојност, доверливост, одговорност, почитување на човековите права и слободи);

- **Етички правила на постапување и однесување на нотарите:** децидно се утврдени во шесте области, и тоа: однос кон странките и јавноста, работење и однесување во нотарската канцеларија и однос спрема вработените, однос спрема државата, судовите и другите државни органи, односот спрема Нотарската комора, меѓународни односи, меѓусебно односи, повреда на кодексот, преодни и завршни одредби.

## 2. Релации меѓу етиката и правото, односно Етичкиот кодекс на нотарите и Законот за нотаријатот

Етиката и правото се неразделно поврзани и проткаени, зашто моралните и етичките вредности и стандарди, како што се слободата, еднаквоста, правдата и човековите права и слободи, не може а да не бидат основа, инспирација и извор на современото право.

Како што е познато, низ вековите правдата е третирана и како етичко и како правно начело, па така, на пример, Алтузиос ја дефинира правдата како постојан стремеж секој да го добие своето право, а енциклопедиски правдата се дефинира како етичко начело според кое треба да му се даде на секого она што му припаѓа.

Аристотел, како што е познато, ја дефинира правдата како комутативна, согласно со принципот на еднаквост, присутна во приватното право, и како дистрибутивна правда присутна согласно со принципот на сразмерност според заслугите и положбата на дистрибутивна правда.

Во секој случај, авторите кои се занимаваат со филозофијата на правдата тврдат дека правдата е мајка на правото, па според тоа прво настанала правдата, па потоа правото.

Дека тоа е така произлегува и од религиските верувања низ вековите за доброто и злото, односно за правдата и неправдата:

- Според христијанските верувања: прави им на другите она што сакаш тебе да ти го прават;

- Според исламот: никој од вас не е верник доколку она што го посакува за себе, не го посакува и за својот ближен;

- Според јудаизмот: што е лошо е за вас, не правете го на другите, тоа е вечен Закон.

Иако Кодексот е автономен акт на Нотарската комора како организација на сите нотари, неговото

донесување е предвидено како задолжително и во Законот на нотаријатот и во Статутот на НКРСМ, со одредени начелни насоки за неговиот концепт и содржина, како што е нагласено во Преамбулата на Кодексот.

Како што е познато, Кодексот на професионална етика на нотарите индиректно се споменува во член 134 став 2), со кој се овластува Претседателот на Нотарската комора да поднесе предлог за поведување дисциплинска постапка поради повреда на Кодексот, како и член 132 ставовите 2) и 4), според кои нотарот одговара дисциплински освен за повреда на Законот и за повреда на Кодексот за професионална етика на нотарите (и другите акти на Комората), и тоа поконкретно ако со своето однесување во вршењето на службата спротивно на Кодексот ги нарушува честа и угледот на нотарската служба, ја доведува во прашање довербата на нотарската служба или ако ја повреди нотарската должност со незаконито, нестручно или несовесно однесување и постапување.

Овие две одредби се насока и одредба за донесување на Кодексот и за формирање посебно работно тело со Статутот – Комисија за етички прашања, надлежна и одговорна за почитување и спроведување на Кодексот.

## 3. Спроведување на кодексот и можни последици од негови повреди

А) Во Кодексот е утврдена обврска за децидно почитување и примена на принципите и правилата на однесување во Кодексот од страна на нотарите како основна гаранција на негово оживотворување во секојдневното нотарско работење, засновано на нивната совесна и морална одговорност во вршењето на нотарската служба, а за доброто на себеси и доброто на сите нотари како нотарска служба. Реално е да се очекува и да се потврдува во практиката дека Кодексот ќе биде прифатен од нотарите како морален закон за своето однесување и постапување вршејќи ја својата нотарска професија.

Б) Паралелно со личниот однос на секој нотар кон Кодексот, согласно со Статутот на НКРСМ и Кодексот, формирана е **Комисија за етички прашања** како работно-помошно тело на Комората со основна цел да разгледува прашања поврзани со етичкото однесување на нотарите заради обезбедување доследно почитување и примена на Кодексот.

Комисијата за етички прашања ја следи примената на Кодексот од страна на нотарите, ги промовира начелата и утврдените етички норми и во врска со тоа Комисијата може со Нотарската академија активно да учествува во одржување едукација за одделни прашања и правила од значење за етичкото однесување на нотарите (член 6 став 2) од Правилникот).

- *Б1)* Основна надлежност на Комисијата е да утврдува мислења за прашања од одредено однесување на одреден нотар, односно утврдување на мислење дали одредено однесување или постапување на нотар претставува повреда или не на Кодексот и тоа мислење го објавува на веб-страницата на Комората со цел да се постигне доследна примена на начелата на Кодексот, а со превентивна цел да се обезбедат насоки на другите нотари што се соочуваат со слични прашања. Битно е притоа дека во постапката што ја води Комисијата и утврденото мислење си обезбедува анонимизирање на нотарот чие однесување се оценува, како и другите податоци.

- *Б2)* Во случаите кога Комисијата во своето мислење утврдува повреда на Кодексот со одредено однесување или постапување на нотар, должна е (во рок од 15 дена) да поднесе писмена иницијатива до Претседателот на Комората заради оцена за постоење услови за поведување дисциплинска постапка за повреда ка Кодексот во согласност со Законот за нотаријатот.

- *Б3)* Комисијата може да утврди советодавно мислење на конкретно поставено прашање за одредено етичко однесување или постапување на нотар или тоа да го стори по сопствена иницијатива, односно иницијатива на Претседателот на Комората.

- *Б4)* Се очекува Комисијата, врз основа на иницијатива – барања на нотарите и по своја иницијатива, да го насочи и трасира патот со сите напред наведени средства за доследно почитување и унапредување на стандардите за етичко однесување на нотарите согласно со Кодексот.

Иако и од Кодексот и од Статутот произлегува дека за која било утврдена повреда на Кодексот, Комисијата задолжително поднесува иницијатива до Претседателот на Комората, треба да се очекува дека Комисијата тежиште ќе им даде посебно на повредите на Кодексот со кои: 1) се нарушува угледот и честа на нотарската служба (изразена во начелото достојност и етичката норма забрана на нелојалната конкуренција); 2) Кога се доведува во прашање довербата во нотарската служба (изразено во начелото на независност и непристрасност, начелото на достојност и одговорност); 3) на незаконито – несовесно постапување на нотар (изразено во начелото на стручност, законитост и совесност, доверливост, одговорност и сл.)

Напред презентираната содржина дава основа да се констатира дека во него е изразена специфичноста на нотарската професија – на нејзините носители – нотарите кои ја вршат нотарската служба како јавна служба, и во согласност со тоа утврдени се **адекватни основни начела** во Кодексот и утврдени се правила на постапување и однесување на нотарите во форма на етички норми во наведените области.

Содржината на Кодексот е во согласност со принципот на јавно-приватно партнерство, на кој се заснова латинскиот нотаријат, прифатен во РСМ, а според кој нотаријатот се конституира во нотарска јавна служба за чие функционирање се грижат и учествуваат и Државата, преку Министерство за правда, и Нотарската комора, како задолжителна организација на нотарите, кои имаат двостран статус: тие се слободни и самостојни професионални лица со единствено занимање – како нотари, но тие се и јавни службеници именувани од Државата. Оттука, според нотарскиот Кодекс, основен принцип на работењето на нотарите е лојалната конкуренција, со изречна забрана на нелојална конкуренција и со можност за дисциплинска одговорност за повреда на утврдените етички норми во Кодексот.

Овој концепт на двојно – дуалистичко овластување на Комисијата (советодавно и иницијативно дисциплинско) се разликува споредбено:

- Со етичкиот Кодекс на нотарите во Хрватска само за почесто кршење на Кодексот или продолжено несоодветно однесување на нотар, Повереништвото или Управниот одбор на Комората може да поднесат пријава до Јавниот обвинител (при Комората) заради оцена за поднесување предлог за соодветно дисциплинско дело за неуредност.

- Со етичките Кодекси на Нотарските комори во Србија и Црна Гора е предвидено за повредите на правилата на Кодексот соодветно да се применуваат одредбите од Законот и прописите со кои се уредуваат дисциплинските повреди и дисциплинската одговорност.

- Според Кодексот на судиите (донесен од Врховниот суд), мислењата и советодавните мислења на Советодавното тело имаат советодавно и превентивно дејство и влијание.

## 4. Заклучни констатации

Треба реално да се очекува дека Кодексот за професионална етика на нотарите во РСМ ќе биде прифатен од нотарите како морален закон за однесување и постапување во вршењето на нотарската должност, како свој автономен акт на својата организација – Нотарската комора, за поуспешно остварување на актуелни и долгорочни цели во развојот на нотарската дејност и унапредување на нотарската јавна служба и дека со неговото почитување и примена ќе се обезбеди, меѓу другото:

1) Поголемо ангажирање на нотарите преку органите на Нотарската комора за поизразено поврзување на своите нотарски професионални интереси, како поединци и како нотарска служба во целина, со непосредна грижа за унапредување на нотарската дејност и нотаријатот како јавна служба што е исклучително корисна и потребна и за граѓаните и другите правни субјекти, но и за Државата, за јакнење на легалитетот во правниот живот и промет, и

2) Почитувањето на Кодексот, всушност, ќе значи начин за негување и одржување на угледот, честа и довербата кон нотарите и кон нотарската јавна служба и основа за нејзината перспектива.

4 септември 2024 г.

# НЕСТРУЧНО ПОСТАПУВАЊЕ КАКО ОСНОВ ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА НОТАР

**Теофил Томановиќ**
судија во пензија

## Вовед

Според член 132 став (4) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ бр. 72/16), нотарот, заменик-нотарот и нотарот кој привремено ја врши службата одговара дисциплински и во случај ако ја повреди нотарската должност со незаконито, нестручно, односно несовесно постапување. Во ставот (6) е дадена дефиниција на нестручното постапување, кое е дефинирано како повреда на законот, со кое во вршењето на нотарските работи нотарот предизвикува повреда на правата на учесниците или на трети лица (за дисциплинска одговорност на нотар види подетално: Т. Томановиќ, „Дисциплинска одговорност на нотар според Законот за нотаријатот“, „Нотариус“ бр. 8/2008 и „Дисциплинска одговорност на нотарот согледана преку практиката на Дисциплинскиот совет“, „Нотариус“ бр. 13/2009).

Во досегашната практика на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Дисциплински совет), од страна на Министерството за правда се доставуваат предлози за поведување дисциплинска постапка во кои се укажува на нестручно постапување на нотар врз основа на утврдени состојби при извршен надзор над работењето на нотарот согласно со член 130 од Законот за нотаријатот (доставени се одреден број предлози за поведување дисциплинска постапка и од страна на претседателот на Нотарската комора, како овластен орган согласно со член 134 став (1) од Законот за нотаријатот, меѓутоа во досегашната практика нема ниту еден предлог за поведување дисциплинска постапка кој е поднесен од страна на претседателот на основниот суд на чиешто подрачје е службеното седиште на нотарот).

Со решение на Дисциплинскиот совет со кое нотарот се огласува виновен за сторена дисциплинска повреда, определена со членовите 138 до 141 од Законот за нотаријатот, се изрекува една од дисциплинските мерки определени со член 137 од овој закон. Изречената дисциплинска мерка, пред сѐ, има дејство спрема нотарот (превентивно), при што се очекува дека истата воспитно ќе влијае врз него за во иднина да не ги повтори воочените грешки и дека своето работење ќе го усогласи со Законот за нотаријатот и

подзаконските акти врз основа на кои ја врши нотарската служба. Меѓутоа, поради начинот на кој, согласно со член 146 од Законот за нотаријатот, се извршуваат дисциплинските решенија, без оглед на тоа дали станува збор за изречена дисциплинска мерка или кога нотарот се ослободува од дисциплинската одговорност, нивната содржина останува непозната за поширокиот круг на нотари, заменици-нотари и нотари кои привремено ја вршат службата. Токму со цел за пошироко запознавање со одлуките на Дисциплинскиот совет и на Управниот одбор на Нотарската комора, како надлежен второстепен дисциплински орган, во одреден временски период, во списанието „Нотариус“ (бр. 12/2009 до 25/2014) беа објавувани сентенции и образложенија на конечни одлуки (без податоци за нотарот на кого се однесуваат), но таа практика е прекината.

Без оглед на тоа што практиката на Дисциплинскиот совет, но исто така и сега на Второстепениот дисциплински совет, не претставува извор на право врз кое нотарот ја врши нотарската служба, како што тоа впрочем не е ниту судската, сепак, правните ставови и мислења изразени во конечните дисциплински решенија во врска со примената на Законот за нотаријатот и подзаконските акти врз основа на кои нотарот ја врши службата можат да бидат мошне корисни (упатувачки) при секојдневното работење на нотарот. Предното ако се има предвид и фактот дека Дисциплинскиот совет, покрај двајца нотари, го сочинуваат и двајца судии и еден јавен обвинител, а дека Второстепениот дисциплински совет, покрај двајца членови на Управниот одбор на Нотарската комора, го сочинуваат и тројца судии на апелационите судови, којшто состав, објективно, овозможува донесување одлуки кои целосно се втемелени врз Законот за нотаријатот, други закони, како и врз подзаконските акти врз основа на кои нотарот ја врши нотарската служба.

Согласно со член 5 став (2) од Правилникот за начинот на вршење надзор над законитоста на работењето на нотарот („Сл. весник на РМ“ бр. 226/16), надзорот по конкретен предмет на нотар кој постапува по поднесен предлог за издавање нотарски платен налог се врши само во делот на постапувањето на нотарот во роковите пропишани со Законот за нотаријатот, при спроведување на постапката за издавање нотарски платен налог. Предлозите за поведување дисциплинска постапка кои Министерството за правда ги доставува до Нотарската комора се темелат токму врз цитираниот член 5 став (2) од наведениот Правилник, а врз основа на констатациите утврдени при надзорот.

Раководејќи се од наведеното, авторот на страниците на „Нотариус“ ќе презентира дел од изразените ставови од страна на дисциплинските органи на Нотарската комора во некои од донесените конечни дисциплински решенија, кои се однесуваат на рокови во кои нотарот е должен да издаде решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, односно изјавениот приговор да го достави до надлежен суд на негово натамошно постапување и одлучување.

## 1. Рок во кој нотарот е должен да издаде решение за нотарски платен налог

Според член 71 став (6) од Законот за нотаријатот, ако нотарот оцени дека е месно надлежен, а предлогот за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа е уреден, допуштен и основан, нотарот веднаш, а најдоцна во рок од три дена од приемот на предлогот, ќе донесе решение со кое го издава предложениот нотарски платен налог.

Покрај сето она што нотарот е должен согласно со цитираната законска одредба да го провери пред издавањето на решението за нотарски платен налог, исто така, должен е да провери дали доверителот ја има уплатено судската такса, во случаите кога истата се уплатува согласно со член 77, а во врска со член 158 од Законот за нотаријатот, и дали се уплатени нотарската награда и надоместокот на трошоците согласно со членовите 153 став (7) и 156 од истиот закон, а во врска со Нотарската тарифа. Според тоа, законскиот рок од цитираниот член 71 став (6) од Законот за нотаријатот започнува да тече од моментот кога ќе бидат исполнети сите услови за издавање решение за нотарски платен налог.

Во нотарската практика нотарите, главно, постапуваат во рамките на наведениот законски рок, кога за тоа се исполнети сите законски прет-

поставки, меѓутоа има случаи кога не го почитуваат, што потоа е основ за поведување дисциплинска постапка.

Законскиот рок од член 71 став (6) од Законот за нотаријатот по својот карактер не е преклузивен, туку е инструктивен (мониторен) и утврден само заради остварување процесна дисциплина, поради што дејствието (издавањето на платниот налог) од страна на нотарот може да биде преземено и по истекот на наведениот законски рок. Нотарот е должен, според објективни услови, да постапува според рокот определен со наведената законска одредба, а до негово пропуштање може да дојде само поради објективни причини, како, на пример, боледување на нотарот, оправдано отсуство од работа, како и поради други оправдани причини. Во спротивно, неоправданото пропуштање на законскиот рок може, што го потврдува и практиката на Дисциплинскиот совет, да биде основ за дисциплинска одговорност на нотарот. Исто така, може да биде основ и за надомест на штета, согласно со член 38 од Законот за нотаријатот, доколку со пропуштањето на законскиот рок е причинета штета на друг. Притоа, зборот „веднаш“ употребен во член 71 став (6) од Законот за нотаријатот не е рок туку е прилог со кој се укажува на потребата од итност при преземањето на процесните дејствија определени со наведената законска одредба. Во согласност со член 81 од Законот за нотаријатот, наведениот законски рок се пресметува и по истиот се постапува на начинот определен со член 104 ставовите (2) и (4) од Законот за парнична постапка. Имено, според член 104 став (2) кога рокот е определен на денови, во рокот не се пресметува денот кога доставувањето или соопштувањето е извршено, односно денот во кој паѓа настанот од кога треба да се смета траењето на рокот, туку за почеток на рокот се зема првиот нареден ден, а според став (4) ако последниот ден на рокот паѓа на државен празник или во недела или во некој друг ден кога судот не работи, рокот истекува со истекот на првиот нареден работен ден. Исто така, нотарот е должен во Рубрика 2) од Уписникот УНПН (Уписник за нотарски платен налог) да внесе датум на приемот на предлогот за издавање решение за нотарски платен налог, а во Рубрика 9) датум на издавање решение за нотарски платен налог. Внесените податоци во Уписникот УНПН овозможуваат нотарот, во секое време, да може да го следи рокот за издавање решение за нотарски платен налог. Притоа, треба да се има предвид дека неуредно водење на наведениот Уписник претставува дисциплинска повреда санкционирана со член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот – „неуредно водење на нотарските деловни книги“, какви што случаи има во досегашната практика на Дисциплинскиот совет.

Во досегашната практика на Дисциплинскиот совет, во врска со прашањето на запазеноста на рокот за издавање решение за нотарски платен налог, ги бележиме следните случаи:

Со точка 3) од конечното решение на Дисциплинскиот совет, ДП бр. 7/2022 од 9.6.2022 година, нотарот е ослободен од одговорност дека сторил дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, на која се укажува во предлогот за поведување дисциплинска постапка доставен од страна на Министерството за правда, поради тоа што во предметите НПН бр. 3/20 и НПН бр. 1/21 не изготвил решение во рок од 3 дена од приемот на предлогот за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, па на тој начин постапил спротивно на член 71 став (6) од Законот за нотаријатот.

Во фактичката состојба по предметот, меѓу другото, е утврдено дека: „До нотарот од страна на доверителот..., на ден 21.12.2020 година е доставен предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа против должникот... заведен под НПН бр. 3/20. Нотарската награда и надоместокот на трошоците се уплатени на ден 25.12.2020 година, што е видно од налогот за извршена уплата, а решение за нотарски платен налог е издадено на ден 28.12.2021 година. Исто така, до нотарот од страна на доверителот... на ден 14.7.2021 година, доставен е предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа против должникот..., заведен под НПН бр. 1/21. Нотарската награда и надоместок на трошоците се уплатени на ден 21.07.2021 година, што е видно од изводот од денарската сметка, а

решението за нотарски платен налог е издадено на истиот ден“.

При утврдената фактичка состојба по предметот, Дисциплинскиот совет го ослободи нотарот од дисциплинска одговорност со следното правно образложение: „Според член 71 став (6) од Законот за нотаријатот, ако нотарот оцени дека е месно надлежен, а предлогот за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа е уреден, допуштен и основан, нотарот веднаш, а најдоцна во рок од три дена од приемот на предлогот, ќе донесе решение со кое го издава предложениот нотарски платен налог. Според член 153 став (7) од Законот за нотаријатот, нотарот нема да ја издаде нотарската исправа или решение кое го донесува согласно со одредбите од овој закон, доколку странката претходно не ги надомести наградата и трошоците на нотарот и адвокатот и таксите утврдени со закон, а според член 26 од Нотарската тарифа, во постапката за издавање на решение за нотарски платен налог, доверителот не може да бара од нотарот постапување по неговиот предлог сè додека не ги подмири нотарската награда и трошоците.

Во конкретниов случај, во предметот НПН бр. 3/20 нотарската награда е уплатена на ден 25.12.2020 година, а решението за нотарски платен налог е издадено на ден 28.12.2020 година, а во предметот НПН бр. 1/21 нотарската награда е уплатена на ден 21.7.2021 година, а решението е издадено на истиот ден. Според тоа, при издавањето на наведените решенија за нотарски платен налог нотарот постапувал во рамки на наведениот законски рок од три дена, откако претходно биле исполнети законските услови за нивното издавање“.

Меѓутоа, спротивно на наведеното решение на Дисциплинскиот совет, со точка 3) од конечното решение ДП бр. 6/2022 од 9.6.2022 година, нотарот НН е огласен виновен за сторена дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот – „Одбивање без оправдани причини, одложување или несовесно исполнување на обврските определени со законот, подзаконските акти и актите на Комората“, поради тоа што во предметот НПН бр. 224/21 не изготвил решение во рок од 3 дена од приемот на предлогот за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, при што постапил спротивно на член 71 став (6) од Законот за нотаријатот, поради што е казнет со дисциплинска мерка – парична казна во износ од 500 евра, во денарска противвредност според курсот на Народна банка на Република Северна Македонија, на денот на донесувањето на решението.

Во фактичката состојба по предметот, меѓу другото, Дисциплинскиот совет утврдил дека: „Од страна на доверителот... до нотарот, на ден 5.8.2021 година, што е видно од приемниот штембил, поднесен е предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, против должникот..., кој кај нотарот е заведен под НПН бр. 224/21. Постапувајќи по предлогот, на ден 6.9.2021 година е издадено решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа. Нотарската награда и трошоците од страна на доверителот се уплатени на ден 26.8.2021 година, видно од налогот за извршена уплата. При така утврдената фактичка состојба, Дисциплинскиот совет наоѓа дека решението за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа не е издадено во законскиот рок утврден со цитираниот член 71 став (6) од Законот за нотаријатот, кој започнува да тече од денот на извршената уплата на нотарската награда и трошоците од страна на доверителот на ден 26.8.2021 година, а на што основано се укажува во предлогот за поведување дисцилинска постапка“ (при донесувањето на решението, Дисциплинскиот совет, согласно со член 25 став (1) од Правиликот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора, оцени дека со наведеното постапување нотарот ја има сторено дисциплинската повреда од наведениот член 138 став (1) алинеа 8) од Законот за нотаријатот, а не и повредата од членот 140 став (1) алинеја 1) од истиот закон – „Повреда на должност утврдена со закон со што се загрозува довербата на непристрасност на нотарот во исправите кои ги составува, особено ако презема службено дејствие за работа за која според закон не е дозволена“, на која се укажува во предлогот за поведување дисциплинска постапка поднесен од страна на Министерството за правда).

## 2. Рок во кој нотарот е должен приговорот изјавен против решението за нотарски платен налог да го достави до надлежен суд

Според член 72 став (1) од Законот за нотаријатот, должникот или доверителот можат да изјават приговор против решението со кое е издаден нотарски платен налог, како и за одлуката за трошоците, а според став (3) нотарот кај кој е поднесен приговор против нотарски платен налог, односно против решението во делот на трошоците, во рок од три дена од денот на поднесениот приговор ќе ги достави списите до надлежниот основен суд на чие подрачје е седиштето на нотарот кој постапува по предлогот.

За карактерот на наведениот законски рок и за неговата примена (пресметување) се однесува сето она што претходно е образложено во врска со законскиот рок од членот 71 став (6) од Законот за нотаријатот, за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа.

За разлика од обврските кои нотарот ги имал согласно со член 16-д) од Законот за извршување („Сл. весник на РМ“ бр. 35/05), во делот кој се однесува на неговото постапување во врска со приговор изјавен против решение за дозвола за извршување (отфрлање приговор поради причините утврдени со ставот (2) и др.), сега нотарот нема таква надлежност. Меѓутоа, постапувајќи по доставениот приговор, пред неговото доставување до надлежниот суд, нотарот е должен, пред сè, согласно со член 158 став (2) од Законот за нотаријатот, да провери дали странката ја платила таксата за изјавениот приговор, а ако не, да спроведе постапка за нејзината наплата согласно со Законот за судските такси („Сл. весник на РМ“ бр.114/09). Ваквата обврска нотарот ја има и според Правното мислење на Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Македонија од 23.2.2015 година (точка 4), според кое наплатата на судската такса ја врши нотарот. Потоа, нотарот е должен да го комплетира предметот, односно при доставување на предметот до надлежен суд во списите да бидат здружени доставниците за уредно извршената достава до странките (доверителот и должникот/должниците) на што, исто така, укажува цитираната точка 4) од Правното мислење. Вака комплетиран предмет овозможува ефикасно постапување и одлучување на надлежниот суд бидејќи, во спротивно, истиот ќе биде принуден да ги врати списите до нотарот за докомплетирање на предметот, а сето тоа ќе придонесе за непотребно одолговлекување на судската постапка. Притоа треба да се има предвид дека во случај на основаноста на предлогот за издавање решение за нотарски платен налог, вообичаено, должникот се задолжува на главниот долг да плати и казнена камата, која, согласно со член 266 став (1) од Законот за облигационите односи („Сл. веснк на РМ“ бр. 18/2001), тече за време на целата постапка, како пред нотарот така и пред судот, што секако дека е на штета на должникот. Исто така, нотарот е должен во Рубрика 11) од Уписникот УНПН (Уписник за нотарски платен налог) да внесе датум на поднесување приговор, а во Рубрика 12) датум на достава на списите до надлежниот суд. Внесените податоци во Уписникот УНПН овозможуваат нотарот, во секое време, да може да го следи рокот во кој е должен списите да ги достави но надлежниот суд. Меѓутоа, и во овој случај треба да се има предвид дека неуредно водење на наведениот Уписник, во делот на Рубрики 11) и 12), претставува дисциплинска повреда санкционирана со член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот – „неуредно водење на нотарските деловни книги“, какви што случаи има во досегашната практика на Дисциплинскиот совет.

Во досегашната практика на Дисциплинскиот совет, во врска со прашањето на запазеноста на рокот за доставување на списите до надлежниот суд, ги бележиме следните случаи:

Со точка 2) од конечното решение на Дисциплинскиот совет, ДП бр. 7/2022 од 9.6.2022 година, нотарот НН е ослободен од одговорност дека сторил дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 1) Законот за нотаријатот, поради тоа што постапувајќи по предлогот на доверителот..., за издавање на решение за нотарски платен налог примен на 21.12.2020 година, на ден 28.12.2020 година издал решение за нотарски платен налог заведен под НПН бр. 3/20, против кое на ден 18.1.2021 година, препорачено по пошта, примил приговор од страна на должникот..., и истиот по

истекот на законскиот рок од 3 дена, на ден 27.1.2021 година, го доставил до Основен граѓански суд Скопје, видно од приемниот штембил на судот, па на таков начин постапил спротивно на член 72 став (3) од Законот за нотаријатот.

Во фактичката состојба по предметот, меѓу другото, е утврдено дека: ...до нотарот од страна на доверителот... на ден 21.12.2020 година е доставен предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа против должникот... заведен под НПН 3/20 по кој на ден 28.12.2020 година е издадено решение за нотарски платен налог. Од страна на должникот изјавен е приговор против решението за нотарски платен налог примен кај нотарот на ден 18.1.2021 година, а судската такса за приговорот е уплатена на ден 20.1.2021 година. Доставницата за прием на решението НПН бр. 3/20 до полномошникот на доверителот... е со дата од 26.1.2021 година, а предметот до Основниот граѓански суд Скопје е доставен на ден 27.1.2021 година, што е видно од приемниот штембил на судот".

При така утврдената фактичка состојба по предметот, Дисциплинскиот совет при донесувањето на наведеното решение се раководел со следните причини: „Според член 72 став (3) од Законот за нотаријатот, нотарот кај кој е поднесен приговор против нотарскиот платен налог, односно против решението во делот на трошоците, во рок од три дена од денот на поднесениот приговор ќе ги достави списите до надлежниот основен суд на чие подрачје е седиштето на нотарот кој постапува по предлогот. Во конкретниов случај, според утврденото, без оглед на тоа што приговорот бил доставен до нотарот на ден 18.1.2021 година, истиот не можел да биде доставен до Основниот граѓански суд Скопје сè додека предметот не се комплетирал, односно до моментот кога до нотарот, на ден 26.1.2021 година, била вратена повратницата за извршена уредна достава на решението НПН бр. 3/20 од 28.12.2020 година, до полномошникот на доверителот..., по што на ден 27.1.2021 година, списите на предметот заедно со приговорот се доставени до наведениот суд. Според тоа, во врска со приговорот изјавен против решението НПН бр.3/20 од 28.12.2020 година, нотарот постапувал во согласност со цитираниот член 72 став (3) од Законот за нотаријатот".

Меѓутоа, спротивно на наведеното решение на Дисциплинскиот совет, со точка 4) од конечното решение ДП бр. 6/2022 од 9.6.2022 година, нотарот НН е огласен виновен за сторена дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот – „Одбивање без оправдани причини, одложување или несовесно исполнување на обврските определени со законот, подзаконските акти и актите на Комората", поради тоа што во предметот НПН бр. 348/20, постапувајќи по приговор против решение за издавање нотарски платен налог, списите на предметот не ги доставил до надлежниот суд во рок од 3 дена од денот на поднесениот приговор, при што постапил спротивно на член 72 став (3) од Законот за нотаријатот и поради што е казнет со дисциплинска мерка – парична казна во износ од 500 евра во денарска противвредност според курсот на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на донесувањето на решението".

Во текот на дисциплинската постапка, Дисциплинскиот совет ја има утврдено следната фактичка состојба: „Во делот на точка 3) од предлогот за поведување на дисциплинска постапка, во однос на предметот НПН бр. 348/20, понапред е утврдено дека од страна на доверителот..., на ден 1.9.2020 година, е поднесен предлог за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, против должникот..., кај нотарот заведен под НПН бр. 348/20, по кој на ден 25.9.2020 година е издадено решение за нотарски платен налог. Против наведеното решение од страна на должникот на ден 16.10.2020 година поднесен е приговор кој, заедно со списи на предметот, на ден 9.12.2020 година е доставен до Основниот граѓански суд Скопје на натамошно постапување и одлучување, што е видно од пропратното писмо со наведената дата. Решението НПН бр. 348/20 од 25.9.2020 година до доверителот е доставено на ден 3.11.2020 година, што е видно од доставницата за лично доставување. Судската такса за приговор во износ од 100 денари не е наплатена".

При вака утврдената фактичка состојба по предметот, Дисциплинскиот совет при донесувањето на решението ДП бр. 6/2022 од 9.6.2022 година, во наведената точка 4) се раководи со следните причини: „Според член 72 став (3) од Законот за

нотаријатот, нотарот кај кој е поднесен приговор против нотарскиот платен налог, односно против решението во делот на трошоците, е должен во рок од три дена од денот на поднесениот приговор да ги достави списите до надлежниот основен суд на чие подрачје е седиштето на нотарот кој постапува по предлогот. Во конкретниов случај, според утврденото, нотарот не постапил така, иако биле исполнетите сите законски предуслови предметот во наведениот законски рок да биде доставен до Основниот граѓански суд Скопје. Во однос на неплатената судска такса за приговор нотарот немал обврска да постапува согласно со член 27 од Законот за судските такси бидејќи согласно со член 31, за судските такси кои не го надминуваат износот од 200 денари не се поведува постапка за наплата на таксата, и таков е конкретниов случај“ (и во овој случај, при донесувањето на решението Дисциплинскиот совет, согласно со член 25 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора, оценил дека со наведеното постапување нотарот ја има сторено дисциплинската повреда од наведениот член 138 став (1) точка 8) од Законот за нотаријатот, а не и повреда од член 140 став (1) алинеја 1) од истиот закон – „Повреда на должност утврдена со закон со што се загрозува довербата на непристрасност на нотарот во исправите кои ги составува особено ако презема службено дејствие за работа за која според закон не е дозволена“, на која се укажува во предлогот за поведување на дисциплинската постапка поднесен од страна на Министерството за правда).

Со точка 1) од конечното решение ДП бр. 15/22 од 7.2.2023 година, нотарот НН е огласен виновен за сторена дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што постапувајќи по предлогот на доверителот... за донесување решение за издавање нотарски платен налог примен на 3.3.2021 година, на ден 3.3.2021 година изготвил решение за издавање нотарски платен налог заведено под НПН бр. 21/21, против кое на ден 7.4.2021 година примил приговор од страна на полномошникот на должникот..., и истиот по истекот на законскиот рок од три дена, на ден 16.4.2021 година го доставил до Основниот граѓански суд Скопје, видно од приемниот штембил на судот, со што постапил спротивно на член 72 став (3) од Законот за нотаријатот, поради што е казнет со дисциплинска мерка – писмена опомена.

Во фактичката состојба по предметот, меѓу другото, е утврдено дека: „...Постапувајќи по предлогот, нотарот на ден 3.3.2021 година издал решение за нотарски платен налог, заведено под НПН бр. 21/21. Решението до доверителот е доставено на ден 22.3.2021 година, а до должникот на ден 29.3.21 година. Од страна на должникот, на ден 7.4.2021 година поднесен е приговор против наведеното решение, при што судската такса е уплатена на ден 5.4.2021 година. Приговорот заедно со списи на предметот е доставен до Основниот граѓански суд Скопје на ден 16.4.2021 година“.

При така утврдената фактичка состојба по предметот, Дисциплинскиот совет оцени дека нотарот НН постапил спротивно на член 72 став (3) од Законот за нотаријатот. Предното поради тоа што иако биле исполнети сите законски услови да постапи според законскиот рок од три дена и списите на предметот заедно со приговорот да ги достави до Основниот граѓански суд Скопје, меѓутоа според утврденото тој така не постапил (како и во претходниот случај, Дисциплинскиот совет прифати дека и во овој случај станува збор за сторена дисциплинска повреда од член 138 став (1) точка 8) од Законот за нотаријатот, а не и повреда од член 140 став (1) точка 1), на која се укажува во предлогот за поведување дисциплинска постапка).

XXX

Наведените решенија на дисциплинските органи на Нотарската комора кои се анализирани во трудот, но исто така и низа други со иста или слична содржина, укажуваат на потреба при постапувањето по предлогот за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, односно при достава на приговор поднесен против издадено решение за нотарски платен налог до надлежниот суд, нотарот да внимава на роковите од цитираните членови 71 став (6), односно 72 став (3) од Законот за нотаријатот. Предното не само со цел да биде заштитен од евентуална дисциплинска одговорност туку и поради заштита на интересите на странките на кои е укажано во трудот.

# ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА КАКО ОСНОВ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИМ

**проф. д-р Ангел Ристов,**
Редовен професор
на Правниот факултет
„Јустинијан Први“ УКИМ Скопје

## 1. Општо за договорот за доживотна издршка

Во македонското наследно право договорот за доживотна издршка се појавува по Втората светска војна, како замена на договорот за наследување, кој беше прогласен за ништовен. Прифаќајќи ги за полноважни договорите за наследување во кои постоеше обврска за издржување, судската практика придонесе за неговото законско уредување со Сојузниот закон за наследување од 1955 година. Една од основните причини поради кои законодавецот го предвиде и го регулира договорот за доживотна издршка беше да им се овозможи на стари, работонеспособни и изнемоштени лица, кои немаат свои деца или останале сами, да можат доживотно да бидат издржувани од друго лице кое за возврат ќе го добие целиот или дел од нивниот имот. За кратко време, целта на законодавецот почнува многу често да се злоупотребува. Така, договорот за доживотна издршка започнува да се склучува и помеѓу лица кои имаат законска обврска за издршка. Токму овој феномен го прави договорот за доживотна издршка еден од најконтроверзните и најшпекулативни договори од неговото првично регулирање па до денес. Тоа го потврдува бројната судска практика, што не е случај со ниту еден друг институт од граѓанското право. Овој договор, чии одредби не се променети повеќе од шест децении, секако, е еден од најспорните договори во нашето наследно право.

Договорот за доживотна издршка претставува договор со кој давателот на издршката се обврзува да го издржува доживотно примателот на издршката или некое трето лице, а примателот на издршката во надомест му го остава целиот свој имот или определен дел од имотот, чие предавање е одложено сѐ до неговата смрт (чл. 1029 од ЗОО). По своите карактеристики, договорот за доживотна издршка претставува консензуален,

двострано-обврзувачки, товарен, алеаторен, каузален, строго формален и мешовит договор.

Договорот за доживотна издршка е *двострано-обврзувачко правно дело* бидејќи од него произлегуваат права и обврски како за давателот на издршката така и за примателот на издршката. Притоа, обврските за давателот на издршката настануваат за време на живот, додека правата на имотот што е предмет на договорот (најчесто недвижност) давателот на издршката ги стекнува во моментот на смртта на примателот на издршката. Оттука, договорот за доживотна издршка има карактер на товарен договор, бидејќи и двете договорни страни се должни да дадат нешто за она што го добиваат.

Договорот за доживотна издршка претставува *алеаторно правно дело*. Ова од причина што издршката што давателот ја дава е врзана за една идна и неизвесна околност, а тоа е должината на животот на примателот на издршката, како и карактерот на услугите кои ги дава давателот на издршката. Оттука, вредноста на услугите коишто давателот на издршката треба да ги даде до смртта на примателот на издршката не е секогаш однапред позната.

По своето правно дејство, договорот за доживотна издршка претставува *мешовито правно дело*. Обврската за издршка која ја дава давателот се остварува *inter vivos*, додека пренесувањето на правата од примателот на давателот на издршката настануваат *mortis causa*.

Договорот за доживотна издршка претставува *строго формален договор*. Со оглед на неговото значење, неговата полноважност е поврзана со формата што е предвидена со законот.

Најпосле, договорот за доживотна издршка претставува *каузален договор*. Целта заради која примателот го склучува договорот е да ја добие потребната издршка, додека давателот го склучува овој договор за да го добие имотот што е предмет на овој договор.

## Судска практика:

1. Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека правилно е стојалиштето на пониските судови дека во конкретниот случај, **имајќи го предвид пред сè договорот за доживотна издршка склучен на 10.09.1996 година, заверен под р.бр. 621/86 од 19.09.1986 година, целокупниот имот со смртта на сега покојниот сопруг на покојната Ц., преминал на покојната Ц., како и тоа дека во моментот на смртта на покојниот С., покојната Ц. станала сопственик на целокупниот имот.** Основи за повикување на наследство се оние факти преку кои се воспоставува врска на некое лице со оставителот, а кои би требало да се земат предвид при определувањето на лицата кои треба да се повикаат за наследници. Основи за повикување на наследство се: сродство, посвојување и брачната врска, а како супсидиерен основ е поставено и живеењето во трајна заедница со оставителот, за точно определени лица и под строго определени услови. Учесниците во постапката, лицата П. и Љ., се внуци на покојниот С., и тие не учествуваат во оставинската постапка при распределбата на оставината на сега покојната Ц., односно не спаѓаат во кругот на горенаведените лица, за да би можеле да имаат статус на наследници.

Врховниот суд на Република Македонија го имаше предвид наводот во ревизијата дека И. П. не е во роднинска врска со починатата и не може да биде прогласена за единствен наследник на целиот имот на Ц., но најде дека ваквиот навод е неоснован, од причина што истиот бил истакнат и во постапката по жалба, а второстепениот суд дал доволно јасни и образложени причини, кои во целост ги прифаќа и овој суд. Согласно со член 188 од Законот за вонпарничната постапка, во постапката за расправање на оставина е дозволена ревизија кога помеѓу учесниците настанал спор за примена на правото, а правните прашања ги решил судот согласно со член 173 став 3 од Законот за вонпарнична постапка.

*(Одлука на Врховниот суд на Република Македонија од 05.04.2012, Рев2. бр.13/2011)*

2. Договорот за доживотна издршка по својата природа **е алеаторен договор каде меѓусебните економски ефекти не се однапред одредени туку зависат од една идна околност – должината на животот на примателот на издршката,** па согласно со одредбите на ЗОО, не може да се бара негово поништување поради очигледен не-

сразмер на заемните давања.

*(Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев. 638/86)*

3. Договорот за доживотна издршка може да содржи и елементи на договор за подарок. Дали договорот за доживотна издршка е всушност мешовит договор **треба да се просудува според тоа дали она што давателот на издршката го добива во сопственост со тој договор по смртта на примателот на издршката е сразмерно со она што давателот на издршката го дал и што било веројатно дека ќе мора да го даде на примателот на издршката до неговата смрт.** Ако договорот за доживотна издршка така не би се просудувал, би постоела можност во рамките на овој договор да се изиграат нужните наследници и да се лишат од својот нужен дел.

*(Одлука на Врховниот суд на Војводина, Гж. 190/62)*

4. Договорот за доживотна издршка не може да произведе правно дејство ако е склучен непосредно пред смртта на примателот на издршката. Меѓутоа, **таков договор може да има правна важност како договор за подарок ако од содржината на договорот се гледа дека постоела таква побуда.**

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Гж. 91/72 од 4.XII 1972)*

5. Со оглед на очекуваната скорешна смрт на примателот на издршката поради неговата тешка болест, правилно е утврдено дека **давателите на издршката не презеле обврска за стварно издржување, па според тоа не е ни склучен договор за доживотна издршка како двострано-обврзувачки договор.**

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Гж. бр. 589/77 од 4.III 1978)*

## Коментар

Законодавецот во законските одредби не предвидува минимално времетраење на издршката за да може договорот за доживотна издршка да биде полноважен. Но, со оглед на неговата товарност, која се изразува пред сè преку обврската на давателот на издршката, сосема оправдано е становиштето на судот (под 3) според кое договорот за доживотна издршка склучен непосредно пред смртта на оставителот се смета како подарок. Ова од причина што во ваков случај повеќе превагнуваат даровните елементи наспроти товарните – обврската на давателот на издршката. Во таа смисла, судската практика правилно му дава предност на елементот на товарност и сразмерност на давањата наспроти елементот на алеаторност. Ова дотолку повеќе се однесува и во случај (под 4) кога давателот на издршката е свесен дека примателот на издршката боледува од тешка болест поради која може да се очекува дека набргу ќе настапи смртта на примателот на издршката, со што се доведува во прашање двострано-обврзувачкиот карактер на овој договор.

## Судска практика:

5. **Утврдување дека договорот за доживотна издршка не произведува правно дејство од причина што до смртта на примателот на издршката не почнал да се реализира, може да бара секое лице кое има правен интерес да утврди дека договорот не произведува правно дејство**. Кога е поднесено вакво барање, судот ја испитува заедничката намера, па ако утврди дека волјата на примателот на издршката била целиот или дел од имотот опфатен со договорот да му го остави како подарок на давателот на издршката, **со пресуда ќе утврди дека договорот за доживотна издршка како таков ќе произведува правно дејство како договор за дар**.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. 22.XII 1980 година)*

6. Со оглед на утврдувањето дека примателот на издршката, при склучувањето на договорот за доживотна издршка кој не почнал да се извршува поради неговата смрт, која настапила кратко време по склучувањето на договорот, изјавил дека сака да ја обезбеди својата сопруга преку оставањето на недвижностите опфатени со договорот во нејзина сопственост по неговата смрт, **јасно е изразена неговата намера тој имот да ѝ го подари на тужената негова сопруга. Според тоа, склучениот договор за доживотна издршка е привиден договор, а всушност меѓу тие странки бил склучен договор за дар**.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. 225/80 од 18.XI 1980 година)*

7. **Договорот за доживотна издршка не произведува правно дејство доколку не почнал да се извршува. Ова од причина што тој е товарен договор.**

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. 692/81 од 1981 година)*

## Коментар

Законодавецот изрично не се изјаснува и во однос на прашањето дали договорот за доживотна издршка ќе се смета за полноважен и покрај тоа што истиот воопшто не се реализирал од страна на давателот на издршката. Имајќи ги предвид наведените одлуки, може да се констатира дека судската практика располагањето на примателот на издршката со својот имот по пат на договор за доживотна издршка, без истиот да се реализира или ако се реализирал кратко време, го смета за подарок. Ваквото гледиште на судската практика е исправно ако се има предвид фактот дека договорот за доживотна издршка е товарен и двострано-обврзувачки договор, како и дека едно од основните начела на граѓанското право е *pacta sunt servanda* (договорите треба да се исполнуват така како што се предвидени). Во таа смисла, давателот на издршката кој воопшто не го издржувал примателот не може да го бара предвидениот имот од договорот по основ на издршката којашто не ја ни давал.

Сепак, ваквото становиште на судот не е единствено. Наспроти наведените одлуки, цитираната судска одлука (под 8) покажува дека не секогаш кога договорот за доживотна издршка траел кратко време, истиот ќе биде прогласен за неполноважен и конвертиран во договор за дар. За ова од особено значење се конкретните околности на случајот и фактот дали давателот ја давал издршката и пред склучувањето на договорот.

## Судска практика:

8. Неосновано е правното стојалиште дека договорот за доживотна издршка склучен непосредно пред смртта на примателот на издршката не може да произведува правно дејство ако и двете страни при склучувањето на договорот ја имале предвид стварната обврска за издржување, која давателот на издршката ја извршувал и пред склучувањето на договорот, за кое нешто и се отстапува имотот што посебно е нагласено во самиот договор, така што надоместокот се пресметува и за веќе претходно даваното издржување.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. 32/81 од 29.I.1981 година)*

9. Поради фактот што од страна на давателот на обврската за издржување не дошло до извршување на обврската кон примателот на обврската (кој починал кратко време по склучувањето на договорот за доживотна издршка) не значи дека договорот за доживотна издршка не е валиден. За неговата важност е битна волјата на двете страни во моментот на склучувањето на договорот.

*(Одлука на Врховниот суд на Хрватска Гж 2656/69 од 18.XI 1970 година)*

10. Бидејќи во време на склучувањето на договорот не можело да се претпостави колку ќе трае извршувањето на обврската на давателот на издршката и при положба тие обврски да се извршувани повеќе од три години, **прашањето за несразмерност на меѓусебните давања и обврски не е потребно да се цени во смисла на една целосна економска еквивалентност, бидејќи вредноста на услугите на давателот на издршката се зема не само од материјална туку и од морална страна** (внимание, негување, почит и сл.), **кои вредности не можат да се изразат адекватно со економски критериуми.** Околноста што примателот на издршката ги лишува, преку договорот, од наследство своите нужни наследници не е од никакво значење за полноважноста на договорот, бидејќи примателот, како сопственик на недвижностите содржани во договорот, можел со нив да располага по свое наоѓање.

*(Начелен став на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. 156/79 од 20.VII 1979 година)*

11. Кај договорот за доживотна издршка како заедница на живот не треба да се смета само заедницата каде договорните страни имаат заедничко домаќинство туку и онаа заедница каде

договорните страни имаат одвоени домаќинства, но притоа е нужно да живеат во близина и тоа да овозможува нивни секојдневни и трајни контакти.

*(Одлука на Врховниот суд на Србија Рев. 4891/98 од 29.IX.1998 година)*

12. **Кога исто лице склучи договор за доживотна издршка, а потоа за истиот имот состави писмен тестамент пред сведоци, а потоа и договор за дар, ќе се смета за полноважен договорот за доживотна издршка.**

*(Одлука на Општинскиот суд во Чачак Гж.75/01 од 30.I 2001 година)*

Од образложението:

Пониските судови, имајќи предвид дека примателот на издршката направил тестамент, а претходно склучениот договор за доживотна издршка не бил раскинат, зазеле становиште дека договорот за доживотна издршка е полноважно правно дело поради тоа што не е раскинат, а тестаментот е ништовен и поради тоа не произведува правно дејство. Врховниот суд смета дека ваквото становиште не може да се прифати. Кога е склучен договорот за доживотна издршка, согласно со член 117 од Законот за наследување, примателот на издржувањето останува сопственик на имотот и по склучувањето на договорот, а давателот на издршката има право да бара предавање на имотот кој бил предмет на договорот за доживотна издршка дури по смртта на примателот на издршката. До тој момент давателот на издршката, согласно со член 118 од истиот закон, може своето право да го запише во јавна книга.

*(Одлука на Врховниот суд на Србија Рев. 3464 од 27.IX 1995 година)*

13. Доколку примателот на издржувањето по склучувањето на договорот за доживотна издршка склучи нов договор за доживотна издршка со трето лице, при што порано склучениот договор на ниту еден начин не е ставен надвор од сила, и **порано склучениот договор е полноважен, дури и кога со новиот договор е располагано со истиот имот.**

*(Одлука на Окружниот суд во Белград, Гж. 7687/94 од 19.X 1994 година)*

14. **Самиот факт дека примателот на издршката склучил договор со повеќе лица (даватели на издршката), кој за предмет има исти недвижности, не го прави договорот ништовен, а за стекнувањето право на сопственост над недвижностите кои се предмет на тие договори се решава во посебна постапка според правилата на посилното право**.

*(Одлука на Врховниот суд на Хрватска Рев. 1421/88 од 15.IX 1988 година)*

15. Кога со договор за дар на недвижност заверен во суд се договара обврска на доживотно издржување на дародавачот, кој својата недвижност веднаш ја пренесува во сопственост на даропримачот, договорот за дар како симулирано правно дело не произведува правно дејство, но **затоа е полноважен дисимулираниот двострано-обврзувачки договор *sui generis*, кој има елементи на договор за доживотна издршка.**

*(Одлука на Врховниот суд на Србија Рев. 3457/93 од 26.I 1994 година)*

16. Не е правно неважечки писмениот договор со кој едно лице во текот на својот живот му го подари својот имот на друго лице, кое се обврзува до крај на животот да го издржува дародавачот, и покрај тоа што овој договор не е составен во формата предвидена во член 122 ст. 4 и 5 од Законот за наследување.

*(Пресуда на Врховниот суд на Босна и Херцеговина, Гж 1572/68 од 13.I 1970 година)*

Значењето на договорот за доживотна издршка е големо, со оглед на тоа дека овозможува лицата кои не се во можност самите да се издржуваат и да се грижат за себе или немаат свои деца, да ја добијат потребната издршка. За возврат, давателот на издршката *по смртта на примателот се стекнува со неговиот имот*, со што се подобрува неговата имотна состојба. Проблемот кај овој договор е неговата злоупотреба. Кога истиот се користи не за да се добие издршка туку за да се изиграат законските наследници и тие да не го добијат својот нужен дел, а имотно да се обезбеди само одредено лице по избор на примателот на издршката. Со тоа се нарушува

концептот на нужен дел на најблиските роднини, но истовремено се повредува и принципот на правна сигурност.

## 2. Субјекти на договорот за доживотна издршка

Субјектите на договорот за доживотна издршка во законските одредби *не се изречно определени.* Во теоријата и во судската практика сè уште постојат дилеми дали договорот за доживотна издршка може да биде склучен помеѓу лица кои се должни според закон меѓусебно да се издржуваат, како што е тоа случај со потомците, а особено со брачните другари. Ова од причина што законската обврска за издршка помеѓу овие лица се дуплира со уште една договорна обврска.

Целта за склучување на договорот во многу случаи не е да се издржуват стари, работонеспособни и изнемоштени лица кои немаат свои деца или останале сами, туку примателот на издршката да располага со целиот имот по своја волја и да определи единствен „наследник“ уште за време на живот. Како резултат на тоа, ваквиот договор во практиката сè почесто се користи како *средство за имотно обезбедување* на давателот на издршката и изигрување на правото на нужен дел на нужните наследници. Со тоа, договорот за доживотна издршка по својата цел *наликува* на договорот за наследување и покрај тоа што, за разлика од него, има поголем број негативни карактеристики. Ваквиот став го потврдуваат досегашните истражувања кои покажуваат дека договорот за доживотна издршкаповеќе е застапен помеѓу брачните другари, и тоа од втор, трет или понатамошен брак. Поради ова, науката долго време се залага договорот за доживотна издршка помеѓу брачните другари да се забрани, во корист на договорот за наследување. Сепак, засега ваквите заложби се без успех.

Во договорот за доживотна издршка како *примател на издршката* може да се јави само *физичко лице* кое е деловно способно во моментотот на склучувањето на договорот. Возраста нема влијание за полноважноста на договорот. Најчесто, како приматели на издршката се јавуваат лица кои се во поодминати години, со нарушена здравствена состојба. Меѓутоа, сè почесто во практиката како приматели на издршката се јавуваат млади и работоспособни лица кои уште за време на живот сакаат да располагаат со својот имот за случај на смрт.

Како *давател на издршката* може да се јави *деловно способно физичко лице и правно лице.* Кога станува збор за физичко лице, тоа треба да има одредени квалитети и својства врз основа на кои ќе може да ја исполни преземената обврска за давање издршка. Во најголем број случаи, како давател на издршката се јавува едно од *децата* на примателот на издршката со кое тоа живее во заедница. Во ваков случај, и покрај тоа што децата имаат и уставна и законска должност да се грижат за своите стари и изнемоштени родители, тие најчесто го принудуваат примателот на издршката да склучат ваков договор за да го добијат целиот негов имот. Со тоа посредно се лишуваат од правото на нужен дел останатите деца на примателот на издршката.

Како давател на издршката мошне често се јавува и *брачниот другар* на примателот на издршката, и тоа од вториот, третиот или понатамошен брак. И во овој случај се изигрува законската обврска на брачните другари заемно да се издржуваат. Поради тоа, склучувањето на овој договор од страна на брачните другари најчесто служи како средство за имотно обезбедување на давателот на издршката, по смртта на примателот. Најпосле, како даватели на издршка можат да се јават и *подалечни роднини* на примателот на издршката, како и *трети лица* со кои примателот не е во роднинска врска.

Освен физичките лица, како даватели на издршка во последно време сè почесто се јавуваат и *правни лица,* било тоа да се одредени јавни или приватни установи. Обезбедувајќи им постојана здравствена заштита и нега на примателите на издршката од соодветни лица, бројот на вакви установи во нашата држава сè повеќе се зголемува, што го отвора прашањето дали децата не ја возвраќаат во иста мера родителската љубов и грижа и не се грижат за своите стари и изнемоштени родители.

### Судска практика:

1. **Законската обврска за издржување помеѓу договорните страни кај договорот за доживотна**

**издршка не е пречка за склучување на таквиот договор** ако со оглед на конкретниот случај било нужно дателот на издршката за негата на примателот на издршката да употреби исклучителни напори и да вложи повеќе средства.

*(Одлука на Окружниот суд во Белград, Гж. 4849/88)*

2. **Не е ништовен договорот за доживотна издршка склучен помеѓу детето како давател и родителот како примател на издршката**.

*(Одлука на Врховниот суд на Босна и Херцеговина, Гж. 1712/67 од 4.II 1969 година)*

3. **Договор за доживотна издршка можат полноважно да склучуваат при постоење на општи претпоставки и лица кои се по самиот закон должни меѓусебно да се издржуваат**.

*(Одлука на Врховниот суд на Хрватска, Рев. 1518/87 од 22.X 1987 година)*

4. **Содржината на договорот за доживотна издршка може да се состои во тоа примателот на издршката да се смести во дом за стари и давателот на издршката да ги покрива трошоците на неговиот престој во домот, повремено да го посетува и на друг начин да покажува нега и внимание за него**.

*(Одлука на Врховниот суд на Војводина, Рев. бр. 766/98)*

5. **Староста, работната способност и другите лични својства на давателот на издржувањето не влијаат на полноважноста на договорот за доживотна издршка доколку примателот на издршката знаел за нив пред склучувањето на договорот**.

*(Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев. 1572/84)*

6. **Имотот стекнат врз основа на договор за доживотна издршка ќе се смета за заеднички имот на брачните другари, и покрај тоа што едниот брачен другар го склучил тој договор**.

*(Одлука на Врховниот суд на Србија Рев. 87/79)*

7. **Договорот за доживотна издршка не е валиден доколку е склучен со искористување на туѓата неволја заради постигнување несразмерна имотна корист** (како спротивен на добрите обичаи) **и доколку давателот на издршката знаел дека издржувањето не е потребно, т.е. ако страните при составувањето на договорот знаеле дека издржувањето нема да биде остварено**.

*(Одлука на Општинскиот суд во Вуковар, П 937/70 од 19.II 1971 година)*

## 3. Предмет на договорот за доживотна издршка

Предмет на договорот за доживотна издршка, како двострано обврзувачко правно дело, се *правата и обврските* што настануваат за примателот и давателот на издршката. Со договорот за доживотна издршка, давателот на издршката се обврзува да го издржува доживотно примателот на издршката или некое трето лице, а примателот на издршката во надомест му го остава целиот свој имот или определен дел од имотот, *чие предавање е одложено сè до неговата смрт*.

Според договорот, примателот на издршката има право да ја добие *договорената издршка* (храна, грижа, нега) до крајот на неговиот живот. Најчесто во договорот примателот на издршката ги предвидува следниве права: да добива секојдневно здрава храна (три или повеќе оброци), да добива чиста и испеглана облека, да му се обезбедат хигиенски услови за живот, да биде носен редовно на лекарски контроли, да биде негуван во случај на болест, да ги добива потребните лекарства и слично. Овие обврски, најчесто, може да бидат предвидени и за неговиот брачен партнер. Обврска на примателот на издршката е да го предаде во сопственост имотот што е предмет на договорот за доживотна издршка на давателот на издршката. Предавањето на имотот е одложено сè до моментот на смртта на примателот на издршката. Меѓутоа, примателот на издршката може веднаш по склучувањето на договорот имотот да го предаде на управување на давателот на издршката. Имотот што е предмет на договорот за доживотна издршка мора да биде индивидуално определен и специфициран (движни, недвижни ствари или побарувања). Притоа примателот на издршката може да располага со овој договор само со

имотот којшто го поседувал во моментот на склучувањето на договорот.

Давателот на издршката, според природата на овој договор, најпрвин се стекнува со *обврски*. Правата од договорот за доживотна издршка давателот на издршката ги стекнува во моментот на смртта на примателот на издршката. Давателот на издршката е должен да ги исполнува своите обврски совесно и навреме. Обврските давателот на издршката ги презема *за време на живот* на примателот, но одредени обврски е должен да ги преземе и по неговата смрт (погреб, подигнување надгробен споменик, помен и сл.).

Правата од договорот за доживотна издршка давателот ги добива *во моментот на смртта на примателот на издршката*. Сè до тој момент примателот останува сопственик на имотот што е предмет на договорот за доживотна издршка. Во меѓувреме, со цел да го обезбеди своето право од договорот, давателот на издршката има право да го *прибележи* договорот за доживотна издршка по однос на предметната недвижност во Катастарот на недвижностите. Со тоа давателот на издршката се заштитува од несовесниот примател на издршката, доколку за време на живот се обиде да располага со имотот што е предмет на договорот. Во спротивно може да се појави ситуација кога примателот на издршката ќе го изигра давателот на издршката, кој доколку купувачот е совесен, нема да може да бара поништување на договорот и враќање на стварта. Во таа смисла, законодавецот предвидува дека давателот на издршката своето право на недвижноста од договорот може да бара да се прибележи во јавна книга (чл. 1031 од ЗОО).

## Судска практика:

Купувачот не може да стекне право на сопственост врз основа на договор за купопродажба доколку знаел дека продавачот **пред склучување на овој договор склучил договор за доживотна издршка** врз основа на кој на друго лице му ги оставил во наследство продадените недвижности. Ова важи и кога тоа лице не го запишало во јавна книга своето право од договорот за доживотна издршка.

*(Одлука на Врховниот суд на Југославија Гж. 56/68 од 15.II 1968 година)*

По смртта на примателот на издршката, договорот за доживотна издршка е доволен *основ за стекнување (iustus titulus)* на правото на сопственост и упис во Катастарот на недвижностите на име на давателот на издршката. За да биде запишано правото на сопственост на недвижноста на давателот на издршката, покрај пријавата за промена на носителот, потребно е да биде доставен *извод од матичната книга на умрените* за починатиот примател на издршката и да биде доставен *полноважен договор за доживотна издршка* во оригинал или во форма на заверен препис. Спротивно на законските одредби е барањето да се достави оставинско решение од причина што имотот со којшто е располагано со договорот за доживотна издршка не влегува во оставината на умрениот. Давателот на издршката не е наследник. Тој е лице – договорна страна, кое врз основа на товарниот карактер на договорот за доживотна издршка, по дадената издршка на примателот за време на неговиот живот се стекнува со правата врз имотот од договорот во моментот на смртта на примателот на издршката, по силата на законот. Поради тоа, давателот на издршката не одговара за обврските на примателот на издршката, за разлика од универзалните наследници, кои покрај правата ги наследуваат и обврските на оставителот до висина на вредноста на делот од наследството што го примиле.

## Судска практика:

1. **Давателот на издршката не е наследник, туку странка во договорот за доживотна издршка**. Според тоа, давателот на издршката не одговара за долговите на примателот на издршката, освен ако таквата одговорност е предвидена со самиот договор.

*(Одлука на Окружниот суд во Скопје, Гж. 5000/88 од 8.IX 1988 година)*

2. Сè додека давателот на издршката е подготвен да ги извршува своите обврски од договорот за доживотна издршка, должност на примателот на издршката е да не го спречува во тоа без причина и да ги прими оние давања кои давателот на издршката е должен да ги даде според договорот за доживотна издршка.

*(Одлука на Врховниот суд на Србија Рев. 288/05 од 9.XI 2005 година)*

Во практиката, една од причините поради кои се применува договорот за доживотна издршка е фактот дека давателот на издршката *не одговара за долговите на примателот на издршката.* Согласно со одредбите на ЗОО, давателот на издршката не одговара по смртта на примателот на издршката за неговите долгови, но може да се договори дека тој ќе одговара за неговите постојни долгови на определени доверители (чл. 1032 од ЗОО). Тоа не е случај со законските наследници, кои одговараат за долговите на оставителот, но само до висина на вредноста на добиениот наследен дел.

## 4. Форма на договорот за доживотна издршка

Договорот за доживотна издршка претставува *строго формален договор.* Покрај општите услови кои се однесуваат на тоа страните да бидат деловно способни, да постои слободна, свесна и сериозна изјава на волјата, потребно е да бидат исполнети и други суштествени услови. *За да биде полноважен договорот за доживотна издршка, според одредбите од Законот за облигационите односи тој мора да биде составен во писмена форма и да биде заверен од страна на надлежен суд или нотар.* Во спротивно, договорот за доживотна издршка нема да биде полноважен. Иако, Законот за облигационите односи ја уредува формата на договорот за доживотна издршка, сепак имајќи ги предвид одредбите на Законот за нотаријатот и Законот за катастар на недвижности, за негова полноважност потребно е тој да биде составен во форма на јавна исправа (нотарски акт или потврдена (солемнизирана) приватна исправа) доколку е побарано тој договор да биде склучен пред нотар. Договорот за доживотна издршка е подобен правен основ за упис во Катастарот на недвижности, само доколку е составен во форма на јавна исправа.

Понатаму, при склучувањето на договорот за доживотна издршка треба да бидат присутни примателот и давателот на издршката. Согласно со законските одредби, само давателот на издршката може да биде застапуван од страна на полномошник. *Специјалното полномошно* мора да биде издадено во форма на јавна исправа и во него да биде точно назначено лицето со кое давателот на издршката ќе склучи договор, како и содржината на договорот (чл. 1030 ст. 4 од ЗОО). Притоа, важноста на ова полномошно изнесува три месеци од денот на издавањето.

При *заверката* на договорот за доживотна издршка, освен договорните страни, задолжително присуствуваат и двајца сведоци кои ги познаваат договорните страни. Сведоци при заверка на договорот за доживотна издршка можат да бидат само лица кои можат да бидат сведоци при составување судски тестамент, односно полнолетни и деловно способни лица кои не се во роднински однос со договорните страни.

Покрај овој услов, неопходно е при заверката судијата или нотарот, во присуство на договарачите и двајца сведоци кои ги познаваат, *гласно да го прочита* договорот и *да ги предупреди* договарачите на последиците од договорот. Во спротивно, доколку не бидат испочитувани наведените услови, договорот за доживотна издршка ќе биде ништовен.

### Судска практика:

1. Со оглед на тоа што целта на договорот за доживотна издршка е да се згрижи лице коешто има имот, а не може да се грижи за себе, не може да се означи како принуда за потпишување на договорот околноста што примателот на издршката морал да живее кај давателот на издршката, па затоа го потпишал договорот.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Гж. бр. 883/77 од 13.I 1978 година)*

2. Договорот за доживотна издршка, согласно со правилата на граѓанското право, би бил ништовен ако неговата содржина не одговара на стварната волја на страните, **ако една од страните договорот го склучила под принуда или во заблуда, или ако договорот е склучен со цел да се изигра правото на наследство на нужните наследници, а не врз основа на овој договор да се обезбеди издршка, што претставува основен елемент на договорот за доживотна издршка**.

*(Одлука на Врховниот суд на Србија, Гж. 1275/76)*

3. Полноважен е договорот за доживотна издршка кој во име на примателот на издршката, лишен од деловна способност, **го склучил неговиот старател со писмено одобрение на органот на старателство, односно Центарот за социјална работа**.

*(Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев. 1241/85)*

4. **Ништовен е договорот за доживотна издршка кој го заверил службеник во судот наместо судијата.**

*(Одлука на Врховниот суд на Босна и Херцеговина, Рев. 253/90 од 22.II 1991 година)*

5. Полноважен е договорот за доживотна издршка, иако при заверката судијата не го прочитал, ако договарачот, кој има слаб слух, договорот со судската заверка самиот го прочитал и на тој начин се запознал со неговата содржина и значење на правно дело.

*(Одлука на Врховниот суд на Србија, Гж. 4046/68)*

6. Договорот за доживотна издршка кој е составен во писмен облик и заверен од судијата, а бил извршуван од давателот на издршката долги години, **е полноважен макар што при заверувањето судијата не им го прочитал на страните.**

*(Одлука на Врховниот суд на Хрватска, Гзз. 84/69)*

7. Околноста дека во актот со кој е заверен договорот за доживотна издршка **не е констатирано дека судијата им го прочитал договорот на страните и ги предупредил за последиците не го прави неважечки тој договор кога е утврдено дека судијата тоа го направил**.

*(Одлука на Врховниот суд на Хрватска, Рев. 2671/86 од 31.XI.1987 година)*

8. **Во случај на конкуренција на два договора за доживотна издршка, посилен е договорот кој бил склучен порано, а не бил раскинат или поништен**.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. 833/88)*

9. **Околноста дека тужената во оставинската постапка не се повикала на договорот за доживотна издршка не значи дека таа со тоа го изгубила правото во парница во однос на тужителот како трето лице да го истакне постоењето на полноважен договор за доживотна издршка**.

*(Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев. 510/90)*

10. **Полноважен е договорот за доживотна издршка кај кој страната, која инаку била писмена, но поради болест не можела да се потпише, во присуство на судијата ставила отпечаток од показалецот**. Притоа не е од значење дали се работи за отпечаток од показалецот на десната или левата рака.

*(Одлука на Врховниот суд на Хрватска, Рев. 2111/88 од 2.X 1988 година)*

11. Од член 117 од Законот за наследување произлегува дека при склучувањето на договорот за доживотна издршка пред судот е неопходно да присуствуваат странките, така што договорот склучен преку полномошник ќе се смета за ништовен.

*(Одлука на Окружниот суд во Белград, Гж. 1488/82)*

12. **Договорот за доживотна издршка кој не е составен во писмена форма и не е заверен од страна на судија не може да се конвалидира и покрај тоа што е исполнет**.

*(Одлука на Врховниот суд на Хрватска Рев. 898/94 од 21.X 1998 година)*

13. Поради тоа што за склучување на договорот за доживотна издршка е **предвидена строга форма која има конститутивен карактер и која е битен услов за настанување на договорот**, таквата форма е нужна и за полномошното на лицето кое во името на едната договорна страна склучува ваков договор. **Тоа значи дека полномошното мора да биде заверено од страна на судија, да е прочитано на давателот на полномошното и тој да е предупреден за последиците од него.** Поради тоа што во конкретниот случај полномошното не е составено во форма предвидена за склучување договор за доживотна издршка, таков договор не е ни склучен, туку, согласно со одредбата од член 103 од ЗОО, тој е ништовен и не произведува правно дејство.

*(Одлука на Првиот општински суд во Белград, П. 5133/97)*

## 5. Правно дејство на договорот за доживотна издршка

Договорот за доживотна издршка, со оглед на своите карактеристики како двострано обврзувачко и товарно правно дело кое предизвикува правни дејства за време на живот и во случај на смрт, во нашата практика сè повеќе се користи како *начин на располагање на едно лице со својот имот за случај на смрт*. Наведените карактеристики и специфики на овој договор му овозможуваат на примателот на издршката од една страна да си определи единствен „наследник“, а од друга страна *да ги исклучи сите непожелни законски наследници од правото на нужен дел*. Со тоа, посредно, договорот за доживотна издршка во практиката се појавува како трет „неформален и незаконски основ за наследување“, покрај тестаментот и законот.

**Наследно-правното дејство на договорот за доживотна издршка се огледа во тоа што *имотот со којшто примателот на издршката располагал во овој договор, не влегува во неговата оставина.*** Врз основа на тоа, *доколку примателот на издршката располагал со целиот свој имот,* а по склучувањето на овој договор не стекнал друг имот, *нема да се води оставинска расправа.* Со тоа законските нужни наследници нема да можат да го остварат своето право на нужен дел. Согласно со судската практика на Врховниот суд на Македонија од 80-тите години на минатиот век, договорот за доживотна издршка е полноважна правна основа за стекнување на правото на сопственост и запишување на правата на недвижностите во јавната книга. Доколку примателот на издршката не располагал со целиот свој имот или пак подоцна стекнал друг имот, во неговата оставина којашто ќе биде предмет на законско и тестаментално наследување ќе влезат само оние делови кои ги стекнал по располагањето со договорот за доживотна издршка.

## 6. Влијание на променетите околности

Во моментот на склучувањето на договорот за доживотна издршка договорните страни ги имале предвид суштествените околности коишто постоеле во тој момент. Доколку околностите под кои е склучен договорот за доживотна издршка со текот на времето битно да се променат *(rebus sic stantibus)*, возможно е понатамошното исполнување на договорот да биде *отежнато и неправедно*, најчесто за давателот на издршката. Како резултат на тоа, може да се појави прашањето за оправданоста постоењето на договорот доколку околностите се промениле до таа мера што исполнувањето на договорот за едната страна би било неправедно (чл. 1034 од ЗОО). Така, ако по склучувањето на договорот околностите се измениле толку што неговото исполнување станало значително отежнато, судот, по барање на странките, нивните односи одново ќе ги уреди, водејќи сметка за сите околности. Покрај ова, судот може правото на примателот на издршката да го замени со доживотна парична рента, ако тоа одговара на интересите на страните.

### Судска практика:

1. Кога со договорот за доживотна издршка е договорено издржување и на брачниот другар на примателот на издршката, а тој умре по склучувањето на договорот, **тогаш давателот на издршката не е во обврска да го издржува другиот брачен другар со кој примателот на издршката подоцна склучил брак.**

*(Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев. 1572/84)*

2. Договорот за доживотна издршка се склучува под претпоставка за променети околности (*rebus sic stantibus*). Врз основа на тоа, **кога примателот на издршката дополнително склучи брак и брачниот другар ја преземе целата грижа за него, треба да се заклучи дека е остварена причина за раскинување на договорот (поради променети околности).**

*(Одлука на Врховниот суд на Хрватска, Гж. 4034/78)*

3. Измените на договорот за доживотна издршка мора да бидат составени во писмена форма и заверени од судот.

*(Одлука на Врховниот суд на Хрватска, 197/85)*

## 7. Раскинување на договорот за доживотна издршка

Договорот за доживотна издршка може да биде *раскинат* на повеќе начини. Во таа смисла, до-

говорните страни не можат да се откажат од правото на раскинување. Договорот за доживотна издршка може да биде раскинат *спогодбено* со согласност на волјата на двете договорни страни во кое било време од кога почнало неговото извршување (чл. 1033 ст. 1 од ЗОО). Еднострано договорот за доживотна издршка може да биде раскинат во случај кога другата страна не ги исполнува предвидените обврски во договорот (чл. 1033 ст. 3 од ЗОО).

Една од честите причини за раскинување, која е својствена само на договорот за доживотна издршка, за разлика од другите видови договори, се *нарушените односи* помеѓу договорните страни. Ваквата причина е потполно оправдана, со оглед на тоа дека издршката не може да се замисли доколку личните односи помеѓу примателот и давателот на издршката толку се нарушени што заедничкиот живот станал неподнослив (чл. 1033 ст. 2 од ЗОО). Во случај на раскинување на договорот, страната што не е одговорна за раскинувањето има право да бара од другата страна надомест на штетата што ја трпи.

## Судска практика:

1. Ништовна ќе биде одредбата од договорот за доживотна издршка со која странката се одрекува од правото да бара раскинување на договорот.

*(Одлука на Врховниот сојузен суд, Рев. 1195/64)*

2. Секоја странка може да бара раскинување на договорот за доживотна издршка ако договарачите живеат заедно, а нивните односи се толку нарушени што заедничкиот живот го чинат неподнослив. За раскинување на ваков договор не е од влијание вината за нарушеноста на односите помеѓу договорните странки.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Гж. бр. 137/78 од 24.IV 1978)*

3. Фактот дека давателот на издршката заминал на издржување казна затвор не е причина за раскинување на договорот за доживотна издршка кога обврската на давателот за издржување ја презела и извршила неговата сопруга.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. 329/90 од 8.V 1990)*

4. Договорот за доживотна издршка може да престане и со договорно раскинување на договорните страни, а овој договор може да биде и во усна форма.

*(Одлука на Врховниот суд на Војводина, Рев. 104/86).*

5. Нарушеноста на односите како факт мора објективно да постои, а **неподносливоста на заедничкиот живот треба се цени од својата субјективна страна.**

*(Одлука на Врховниот суд на Војводина, Гзз. 43/76 од 22.XI 1976)*

6. Раскинување на договорот поради неизвршување на обврските не може да бара примателот на издршката кој без причина одбил да ја прими издршката, иако давателот на издршката бил подготвен својата обврска да ја исполнува.

*(Одлука на Врховниот суд на Хрватска, Рев. 2217/86 од 18.XI 1986)*

7. Примателот на издршката кој го спречил давателот на издршката во извршувањето на неговите обврски од договорот нема право да бара раскинување на тој договор повикувајќи се на тоа дека давателот не ја исполнува својата обврска.

*(Одлука на Врховниот суд на Хрватска, Рев. 1923 од 18.X 1988)*

8. Кога договорот за доживотна издршка се раскинува по вина на примателот на издршката, давателот на издршката може да бара и надоместок на штета во висина на трудот и давањата што ги правел според договорот, иако со тоа не е унапреден имотот на примателот на издршката.

*(Одлука на Врховниот суд на Босна и Херцеговина, Гж. 1064/57)*

9. Неизвршувањето на обврските од договорот за доживотна издршка не е причина за поништување на таквиот договор, туку само за негово раскинување по барање на странките.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Гзз. бр. 87/76 од 17.II 1977)*

10. При одлучување во спор за раскинување на договорот за доживотна издршка, не е доволно

само да се утврди дека примателот на издршката се отселил во друго место и дека со тоа немало вина кај давателот на издршката што не го исполнил договорот и дека не постојат услови за раскинување на истиот по барање на примателот, туку потребно било вината за неисполнување на обврската на давателот на издршката објективно да се утврди, односно да се утврди дали тој се обидел на соодветен начин и понатаму да ги исполнува обврските. Доколку примателот на издршката одбил да ја прима издршката на кој било начин, тогаш тој нема законска можност да бара раскинување на договорот поради неисполнување.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. 693/90 од 30.X 1990)*

11. Кога брачните другари, како приматели на издршката, склучат договор за доживотна издршка, по смртта на еден од нив, преживеаниот брачен другар може да бара, доколку се исполнети условите за тоа, раскин на договорот само во поглед на оној дел од имотот кој нему му припаѓа, а не и во поглед на делот од имотот кој му припаѓа на умрениот брачен другар.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. 1214/86)*

12. Раскинување на договорот за доживотно издржување, како и поништување на истиот од причини на релативна ништовност, може да бараат само договорните страни, а од причини на апсолутна ништовност поништување може да бара секое заинтересирано лице.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Гзз. 61/77 од 6.III 1978)*

13. Наследниците на примачот на издршката можат да бараат да се утврди дека договорот молкум е раскинат и дека не произведува правно дејство.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. 270/86 и Гзз. 12/86 од 18.III 1986)*

14. Наследникот на примателот на издршката активно е легитимиран по неговата смрт да бара раскинување на договорот за доживотна издршка поради нарушени односи помеѓу договорните страни.

*(Одлука на Врховниот суд на Војводина, 456/89 од 26.IV 1989)*

15. Кога тужителот во спор за раскинување договор за доживотно издржување во текот на постапката пред првостепениот суд ќе умре, неговиот син може да ја преземе и да ја продолжи постапката како негов наследник.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. 234/97 од 25.XI 1998)*

16. Лицето кое не е странка во договорот за доживотна издршка не може да бара раскинување на договорот поради неисполнување во смисла на одредбите од Законот за наследување, туку поништување според одредбите на ЗОО.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. бр. 543/88 од 9.XII 1988)*

17. Не може да се побива договорот за доживотна издршка кој во целост е извршен само поради тоа што едниот брачен другар, како примател на издршката, не го потпишал договорот, но го примал издржувањето сè до својата смрт.

*(Одлука на Врховниот суд на Србија, Гзз. 192/74)*

18. Се смета дека странките премолчно се согласиле за раскинување на договорот за доживотна издршка кога давателите на издршката, откако примателката на издршката отишла кај својата внука од сестра, веќе не се интересирале за неа, ниту ги извршувале договорните обврски, со што се согласиле на престанок на договорот.

*(Одлука на Врховниот суд на Хрватска Рев. 1813/94 од 1.IX 1994)*

19. Нема правна сила одредбата од договорот за доживотна издршка според која на давателот на издршката ќе му припадне една половина од имотот на примателот на издршката доколку договорот се раскине по вина на примателот на издршката, поради тоа што законот бара само неподнослив заеднички живот за која било страна, без вина.

*(Одлука на Врховниот суд на Србија Гж. 1758/61 од 23.I 1962)*

20. Нема правно дејство клаузулата од договорот за доживотна издршка со која договорните

страни однапред се одрекуваат од правото на раскинување на договорот од која било причина.

*(Одлука на Врховниот суд на Србија Гж. 4561/80)*

## 8. Престанок на договорот за доживотна издршка

Договорот за доживотна издршка, исто како и другите договори, престанува со *смртта* на примателот на издршката. Со моментот на смртта, по силата на законот, давателот на издршката се стекнува со право на имотот што е предмет на договорот за доживотна издршка.

Договорот за доживотна издршка, за разлика од смртта на примателот на издршката, не престанува со смртта на давателот на издршката. Во случај на смрт на давателот на издршката, *неговите обврски преминуваат на неговиот брачен другар и на неговите потомци* што се повикани на наследство, ако тие се согласат со тоа (чл. 1035 ст. 1 од ЗОО). Во спротивно, доколку тие не се согласат да го продолжат договорот за доживотна издршка и притоа немаат оправдана причина за тоа, тогаш договорот престанува. Во таков случај овие лица немаат право да бараат надоместок за порано даваната издршка.

Сепак, во случај кога брачниот другар и потомците на давателот на издршката не се во состојба да ги преземат договорните обврски, тие *имаат право да бараат надоместок од примателот на издршката за порано дадената издршка.* Судот ќе го определи овој надоместок по слободна оцена, притоа земајќи ги предвид имотните прилики на примателот на издршката и на лицата кои биле овластени да го продолжат договорот за доживотна издршка (чл. 1035 ст. 4 од ЗОО). Договорот за доживотна издршка престанува и доколку истиот биде прогласен за ништовен. Во таков случај, согласно со правилата на граѓанското право, ќе се смета како воопшто да не ни настанал.

### Судска практика:

1. Не може договорот за доживотна издршка да се поништи само поради тоа што мајката не е потписник на договорот, а постоела нејзина молчалива согласност за нејзиниот маж да располага со нејзиниот имот на начин што и тој да биде предмет на договорот во кој таа е опфатена како примател на издршката и не покажала желба и интерес таквата состојба да ја измени.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. 1155/96 од 14.XI 1996)*

2. Лице кое спаѓа во редот на законските наследници не е активно легитимирано да бара поништување на договорот за доживотна издршка поради немање деловна способност кај една од договорните странки, кога договорните странки се живи, поради тоа што тоа е работа на договорните странки. Евентуално, такво поништување може да бара старателот на деловно неспособната странка откако ќе ѝ биде одземена деловната способност.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. 207/80 од 29.IV 1980)*

3. Ќерката на примателот на издршката нема активна легитимација да бара поништување на договорот за доживотна издршка што примателот го склучил со трето лице сè додека тој е жив, бидејќи таа нема правен интерес за тоа, со оглед на тоа што нејзините законски наследни права се неизвесни сè до настапувањето на смртта на примателот на издршката кој не е способен за расудување, откако ќе му биде одземена деловната способност, неговиот старател може да поведе спор за раскинување, односно поништување на договорот за доживотна издршка.

*(Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. 135/81 од 15.X 1981)*

## Наместо заклучок

Договорот за доживотна издршка претставува правен основ *(iustuts titulus)* за стекнување на правото на сопственост во македонското законодавство. Во случај кога предмет на договорот за доживотна издршка е недвижност, согласно со важечките правни прописи (ЗСДСП и ЗКН), правото на сопственост на недвижноста се стекнува со задолжително запишување во Катастарот на недвижности *(modus aquirendi)*.

Правата од договорот за доживотна издршка давателот на издршката ги стекнува во моментот на смртта на оставителот. Сѐ до настапувањето на овој момент, примателот останува сопственик на недвижност запишана во Катастарот на недвижности. Со цел да се запознаат третите лица дека недвижноста е предмет на договор за доживотна издршка, да се заштитат интересите на давателот на издршката од евентуална злоупотреба и непочитување на договорот од страна на примателот на издршката, давателот на издршката има право да го прибележи договорот за доживотна издршка.

Правото на прибележување на договорот за доживотна издршка произлегува врз основа на одредбата од член 1031 од ЗОО - Запишување на правата на доверителот: „Давателот на издршката своето право на недвижноста од договорот *може да бара* да се прибележи во јавна книга." Ова право на давателот на издршката е уредено со диспозитивна норма *(може да бара)* и зависи исклучиво од неговата волја. Поради тоа, ниту судот, ниту нотарот немаат обврска по службена должност *(ex officio)* да бараат прибележување на договорот за доживотна издршка на предметната недвижност.

Во Катастарот на недвижности договорот за доживотна издршка се прибележува врз основа на член 173 став 1 од ЗКН: „(1) Прибележување е запишување на облигациони права (лизинг на недвижности, договори за концесија склучени согласно со закон, договори за доживотна издршка, договори за дар во случај на смрт, закуп на недвижности „послуга врз недвижноста и договорно право на првенствено купување недвижности), на претходни и привремени мерки (забрани и ограничувања) кои се од влијание за правата на недвижностите, на факти кои се од влијание за недвижностите, како и на други права чие запишување е утврдено со друг закон.

Бришење на прибележувањето на договорот за доживотна издршка на предметната недвижност се врши со престанок на договорот за доживотна издршка. Договорот за доживотна издршка престанува со смртта на примателот на издршката. Со настапување на смртта, по силата на законот *(ex iure)*, давателот на издршката се стекнува со правата предвидени во договорот за доживотна издршка. Кога предмет на договорот за доживотна издршка е недвижност, давателот на издршката го стекнува правото на сопственост на недвижноста со запишување на правото на сопственост во Катастарот на недвижности. Смртта на примателот на издршката се докажува со доставување извод од матичната книга на умрените. Во прилог кон пријавата за бришење на прибелешката и запишување на правото на сопственост на недвижноста, давателот на издршката е должен да достави извод од матичната книга на умрените на име на примателот на издршката.

Договорот за доживотна издршка престанува и со негово раскинување, кое може да биде спогодбено или еднострано. Бришење на прибележувањето на договорот за доживотна издршка може да се бара во случај кога договорните страни, давателот и примателот на издршката, спогодбено ќе го раскинат договорот за доживотна издршка. Во таков случај, основ за бришење на прибележувањето е спогодбата, односно договорот за раскинување на договорот за доживотна издршка. Договорот за доживотна издршка може да биде и еднострано раскинат доколку договорните страни не ги исполнуваат предвидените обврски. Во тој случај, основ за бришење на прибележувањето е правосилната судска одлука со која се раскинува договорот за доживотна издршка.

Бришење на прибележувањето на договорот за доживотна издршка може да се бара и во случај истиот да биде прогласен за ништовен доколку е склучен во спротивност со законот. Во таков случај, основ за бришењето на прибележувањето е правосилната судска одлука.

Во случај кога договорот за доживотна издршка не е прибележен во Катастарот на недвижности, запишувањето на правото на сопственост на недвижноста се врши со поднесување пријава за запишување право на сопственост во прилог со договорот за доживотна издршка и извод од матичната книга на умрените, со која се докажува смртта на примателот на издршката.

Доколку во договорот за доживотна издршка е уредена обврска да се дава издршка на двајцата брачни другари или на трето лице (вонбрачен другар или друго лице), без оглед на тоа што

само еден од нив е запишан како носител на правото на сопственост во имотниот лист, договорот може да се спроведе, односно да се запише правото на сопственост на недвижноста на име на давателот на издршката само по смртта на двајцата приматели на издршка. Ова произлегува од одредбата од член 1029, врз основа на која: „Со договорот за доживотна издршка, давателот на издршката се обврзува да го издржува доживотно примателот на издршката или некое трето лице, а примателот на издршката во надомест му го остава целиот свој имот или определен дел од имотот, чие предавање е одложено сѐ до неговата смрт."

Ако давателот на издршката сака да го запише своето право на сопственост во идеален дел (1/2) од недвижноста по основ на делумно исполнет договор за доживотна издршка, тоа ќе може да го оствари само врз основа на декларторна пресуда на судот со која се утврдува таквото право.

Доколку предмет на договорот за доживотна издршка е недвижност која е запишана како косопственост на идеални делови на двајцата брачни другари или на лица кои се приматели на издршката, во случај на настапување смрт на еден од примателите на издршката, давателот има право да бара запишување право на сопственост на идеалниот дел од недвижноста на примателот на издршката кој починал.

# ГЛАВА II

## МАТЕРИЈАЛИ УТВРДЕНИ ОД СТРУЧЕН СОВЕТ И УСВОЕНИ ОД УПРАВЕН ОДБОР

Стручниот совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 16 став (5) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарска комора на РСМ, на 6-тата седница одржана на ден 29.1.2024 година и во продолжение на ден 7.2.2024 година, ги утврди и Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 23.2.2024 година, едногласно ги потврди следните:

# ОДГОВОРИ

## НА ПРАШАЊА ПОСТАВЕНИ ПО ПОВОД „НОТАРСКИ ДЕНОВИ“ 8-9 април 2023 г., х. Изгрев, Струга

1. **ПРАШАЊЕ:** Оставинска постапка поведена по предлог од адвокат, каде оставителот е српски државјанин, а предмет на оставина се две фирми регистрирани во РСМ, а за истиот имот поведена е постапка и во Р. Србија. По кои законски одредби да се затвори постапката пред нотар во РСМ?

**ОДГОВОР:** Во член 51 од Законот за меѓународното приватно право (Сл. весник на РСМ бр. 32/2020) е уредено општото правило за наследување, кое гласи: *„За наследување на целокупната оставина меродавно е правото на државата во која оставителот имал вообичаено престојувалиште во времето на смртта.“*

Во иста смисла е и членот 137 од ЗМПП, кој гласи: *„Судот на Република Северна Македонија е надлежен за расправање на целокупната оставина ако оставителот имал живеалиште или вообичаено престојувалиште во Република Северна Македонија во времето на смртта.“*

Додека, пак, во член 138 од ЗМПП е уредена надлежност за расправање на оставината според местото на наоѓање на оставината.

Имајќи ги предвид цитираните одредби од ЗМПП, произлегува дека во конкретниот случај не постои исклучива надлежност во однос на расправање на оставина која се состои од удел во трговско друштво, така што надлежен за расправање на оставината во ваков случај може да биде и орган надлежен во РСМ и орган во Р. Србија. Можноста за избор ја има подносителот на предлогот.

За решавање на предметот, потребно е нотарот да се обрати до надлежниот орган (нотар) во Р. Србија кој ја води постапката за расправање на оставината. Во зависност од добиениот податок, можни се две ситуации:

1) Ако од доставениот доказ се утврди дека за истиот имот постапката за расправање на оставина е поведена во Р. Србија пред да биде поведена во РСМ и истата е завршена, нотарот во РСМ ќе донесе решение дека не се води постапка поради немање имот во согласност со член 165 од ЗВП, бидејќи не може истовремено да се водат две постапки за ист имот.

2) Ако од доставениот доказ се утврди дека порано поведенета постапка во Р. Србија не е завршена, нотарот во РСМ ќе го отфрли предлогот поради течење постапка пред надлежен орган во Р. Србија.

Доколку не се достави доказ дека е поведена постапка за расправање оставина пред надлежен орган (нотар) во Р. Србија, нотарот во РСМ ќе ја продолжи постапката по поднесениот предлог.

2. **ПРАШАЊЕ:** Во оставинска постапка пред нотар доставен е предмет за расправање на оставина за лице кое не е државјанин на РСМ (странски државјанин) со имот во РСМ, а во имотен лист запишано право на сопственост без матичен број на сопственикот (починатото лице). Дали нотарот е надлежен да постапува без матичен број и за странски државјанин?

**ОДГОВОР:** За оставина во РСМ која се состои од недвижен имот, надлежен е нотар во РСМ, во согласност со член 138 од ЗМПП, кој гласи:

*„Судот на Република Северна Македонија е надлежен за расправање на оставината и кога оставителот во времето на смртта немал живалиште или вообичаено престојувалиште во Република Северна Македонија доколку еден дел или целата оставина се наоѓа во Република Северна Македонија и ако:*

*1) правото на Република Северна Македонија е избрано како меродавно право за расправање на оставината од страна на оставителот во согласност со член 52 од овој закон, или*

*2) оставителот во времето на смртта бил државјанин на Република Северна Македонија, или*

*3) примената на овој член се однесува само на таа оставина.“*

Доколку податокот во имотниот лист треба да се утврди со сигурност, тоа може да се направи врз основа на изјави на двајца сведоци, заверени од нотар, дека лицето кое е запишано во имотен лист е исто лице со оставителот

3. **ПРАШАЊЕ:** Во оставинските предмети кога во имотниот лист оставителот е запишан без ЕМБГ или постои несоодветност на личните податоци на оставителот запишани во имотниот лист со податоците во изводот од матичната книга на умрените, дел од нотарите постапуваат на начин што идентитетот на покојниот го утврдуваат со изјава од двајца сведоци и тоа го констатираат во образложението на решението, а дел ги упатуваат странките во АКН за да се запише матичниот број. Од АКН се бара воедначено постапување на нотарите, со предлог доколку во оставинска постапка се појави ситуација со имотен лист без матичен број или несоодветност на податоци во имотен лист и извод на умрени, нотарите да утврдуваат идентитет на покојниот со изјава на двајца сведоци и тоа да го констатираат во образложението на оставинското решение.

**ОДГОВОР:** Не постојат пречки во недостиг на други докази да се утврди идентитетот на оставителот преку изјави на двајца сведоци дадени/заверени пред нотарот, со оглед на тоа дека во домашниот правен систем не е определен друг начин за надминување на состојбата на незапишан податок за ЕМБГ во катастарската евиденција, а станува збор за нередок случај и неопходно е да се најде начин за надминување на таквата состојба во корист на граѓаните.

Ваквиот начин на постапување може да се применува и во други случаи на очигледна несоодветност на податоци, кои се од техничка природа и од помал (незначителен) обем (на пр., во изводи и други исправи).

4. **ПРАШАЊЕ:** Во повеќе оставински постапки во Битола се јавуваат дијаметрално различни имиња и презимиња на оставителот во имотниот лист со изводот од МК на умрени, името на оставителот како татко - мајка во изводите од МК на родени за децата итн. Имено, во имотните листови нема матичен број на оставителот. Значи во конкретниве случаи станува збор за дијаметрално различни имиња и презимиња, на пример, оставителот во изводот од МК на умрени се води како Ана Петровска, а во имотниот лист се јавува како Петра Илиевска, а при средба со претседателот на Основниот суд во Битола и судиите од Основниот суд во Битола, укажано е во вакви ситуации да се решаваат оставинските предмети со изјава од двајца сведоци?

**ОДГОВОР:** При вакви ситуации оставинските предмети не треба да се решаваат со изјава од двајца сведоци.

Доколку нотарот со сигурност не може да утврди дали имотот е дел од оставинска маса, потребно е да ги упати учесниците да ги усогласат податоците во АКН или во УВМК, па доколку не успеат

во тоа во рокот определен од нотарот, нотарот ќе донесе решение дека не се води постапка поради немање имот во согласност со член 165 од ЗВП.

5. **ПРАШАЊЕ:** Од АКН предлагаат кога како наследник се јавува малолетно лице, во диспозитивот на оставинското решение нотарите да наведуваат дека лицето кое е наследник е малолетник. Дали овој предлог е во ред?

**ОДГОВОР:** Во согласност со одредбите на член 177 од Законот за вонпарничната постапка, не е задолжително во изреката на оставинското решение да се потенцира дека лицето кое е наследник е малолетен.

6. **ПРАШАЊЕ:** Дали законските наследници можат да наследуваат право кое произлегува од Уверението за историски преглед, односно правото на приватизација?

**ОДГОВОР:** Не постојат права од Уверение за историски преглед, туку постојат права и обврски кои произлегуваат од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост. Бидејќи се работи за имотни права, тие можат да бидат предмет на наследување, при што Уверението за историски преглед претставува основ да се утврди дали оставителот имал такво право, на начин што наследниците ќе наследат права од Уверението за историски преглед кои произлегуваат од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.

7. **ПРАШАЊЕ:** Предмет на оставинска постапка е право за приватизација. Од Министерството за финансии во Општина Кисела Вода е издадено известување дека во службената евиденција на Општината има поднесено барање за приватизација на име на лицето НН. Прашањето е дали да се прифати како веродостоен документ известувањето издадено од надлежната Општина, со оглед на тоа дека покојниот е починат во 1965 година и во самото известување е наведено дека барањето за приватизација е поднесено на име на покојниот и во истото нема број и датум кога е поднесено?

**ОДГОВОР:** Во конкретниот случај, оставителот починал пред да биде донесен Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, па треба да се прифати дека наследниците можат да наследат права кои произлегуваат од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост доколку барањето е поднесено од некој од наследниците, а во име на покојното лице.

Овој став се заснова и на одредбата од член 127 од Законот за наследување, според кој оставината на умрено лице преминува, по силата на законот, врз неговите наследници во моментот на неговата смрт, а според член 2 од истиот закон предмет на наследување можат да бидат предмети и права што им припаѓаат на поединци.

8. **ПРАШАЊЕ:** Дали со оставинското решение со кое се огласуваат наследници истовремено може да се врши физичка делба на земјоделско/градежно земјиште врз основа на геодетски елаборат или во оставинско решение може само да се внесе спогодбата за делба и начин на делба на наследниците на наследениот дел изразен во соодветен идеален дел од предметната недвижност?

**ОДГОВОР:** Во оставинското решение со кое се огласуваат наследниците истовремено не може да се врши и физичка делба на земјоделско/градежно земјиште врз основа на геодетски елаборат. Во оставинското решение може само да се внесе спогодбата за делба и начинот на делба на наследниците на наследениот дел изразен во соодветен идеален или реален дел од предметната недвижност, во согласност со член 177 став (3) од ЗВП.

Постапката за физичка делба е посебна вонпарнична постапка, за која е предвидена посебна форма (нотарски акт) во согласност со член 213 став (2) од ЗВП.

9. **ПРАШАЊЕ:** По однос на расправање на оставината на оставителот која е покрената по службена должност (со смртовница од УВМК Берово), нотарот ги покани сите наследници на оставителот кои се наведени во смртовницата (кои сите со адреси од различни градови), и кај нотарот се вратија поканите со назнака на доставниците дека наследниците се починати, освен за еден од наследниците, каде доставницата се врати со назнака „не побарал". Ниеден од наследниците не е со адреса во Берово. Како да постапи нотарот во конкретниов случај?

**ОДГОВОР:** Нотарот најнапред треба да прибави докази за тоа дали наследниците се починати и да утврди кога се починати.

До наследникот за кој е добиен податок со назнака „Не побарал" треба да се упати втор обид за достава.

Ако наследниците останат непознати, а оставителот има имот да објави оглас со кој ќе ги повика наследниците, по што по истекот на рокот да ја расправа оставината на оставителот. Ако нема имот, нотарот ќе донесе решение дека не се води оставинска постапка поради немање имот во согласност со член 165 од ЗВП.

10. **ПРАШАЊЕ:** Оставителот е вонбрачно дете, неоженет, чии родители се починати пред него, и тоа прво таткото, а потоа мајката. Во смртовницата се пријавени братучеди на оставителот од страна на покојната мајката од нејзиниот покоен брат, а во документацијата доставени се и документи од ќерки на нејзина прва братучеда (покојна). Од страна на покојниот татко се јавува полусестра на оставителот (брат и сестра по татковска линија), која не е пријавена во смртовницата, меѓутоа документацијата за неа е доставена. Мајката на оставителот немала никогаш склучено брак и нема други деца. Прашањето е дали освен полусестрата за наследници можат да се прогласат и останатите претходно наброени странки (први и втори братучеди по мајчина линија)?

**ОДГОВОР:** Во конкретниот случај треба да наследи полусестрата доколку влегува во втор наследен ред, односно таа ќе ги исклучи наследниците од трет наследен ред. Ова од причини што истовремено не можат да наследуваат наследници од различни наследни редови, туку треба да се исцрпат наследниците од утврдениот конкретен наследен ред.

11. **ПРАШАЊЕ:** Оставителот има сопруга со која немаат деца родени во брак, ниту вон брак. Родителите на оставителот се починати, но има тројца покојни браќа, а од двајца од покојните браќа има и по двајца внуци, односно вкупно четворица внуци. Во конкретниот случај како наследници на оставината на оставителот се јавуваат неговата сопруга и неговите внуци од браќа. Неговата сопруга има ангажирано адвокат и ги има доставено сите потребни докази од нејзина страна бидејќи има интерес да се јави како наследник на оставината со издвојување на имотот стекнат за време на брак, а другата половина би влегла како наследник во еднакви делови со внуците на оставителот. Внуците на оставителот досега не покажале интерес да учествуваат во оставинската постапка, а во оставинскиот предмет нема соодветни изводи на умрени за браќата на оставителот, ниту пак на родени на внуците на оставителот, ниту пак внуците се заинтересирани да ги прибават потребните документи. Сите се државјани на Р. Србија, каде што и живеат, и контактот со нив е невозможен. Како би требало да постапи нотарот во конкретниот случај со цел прибавување на сите потребни документи за внуците на оставителот кои се државјани на Р. Србија?

**ОДГОВОР:** Нотарот најнапред треба да побара докази од матичната евиденција за сите наследници. Во согласност со договорот меѓу РСМ и Р. Србија за правна помош во граѓански и кривични предмети склучен на 29.11.2011 година во Белград, Р. Србија, нотарот како повереник на судот, со молба за меѓународна правна помош, ќе се обрати до претседателот на Основниот суд каде што имаат живеалиште наследниците кои се државјани на Р. Србија, со цел да им бидат доставени предлог за расправање на оставина со прилози-докази, покана за рочиште за расправање на оставина.

Во согласност со член 3 став (2) на Законот за седиштата и подрачјата на судовите и јавните обвинителства („Службен гласник на РС“ бр. 101/13) до примателот да се достави предлог за расправање на оставина со прилози и покана за рочиште за расправање на оставина. Ако има уредна покана, нотарот треба да го издвои имотот стекнат за време на брак и да ја расправа другата половина во еднакви делови.

12. **ПРАШАЊЕ:** Во оставинска постапка за недвижниот имот на оставителот е расправано, а по кажување на адвокатот вадени се имотни листови по ЕМБГ на оставителот. По ЕМБГ во една иста зграда излегоа два имотни листа, односно дека оставителот е сопственик на 2 стана. На денот на рочиштето му е укажано на полномошник адвокат во постапката за целиот движен и недвижен имот и така е завршена правосилно. По уписот во катастар со увид во имотен лист од страна на наследниците во постапката преку полномошник адвокатот, нотарот е известен дека оставителот бил сопственик само на еден стан во истата зграда, а кој бил запишан два пати на различни катови со различна квадратура. Предметот претходно е вратен во судот. Прашањето е во овој случај кој и каде треба да прави исправка на грешката и што со правосилното решение ако наследниците ја исправат грешката?

**ОДГОВОР:** Во конкретниот случај, исправката на грешката треба да ја направи АКН.

Доколку АКН не ја исправи грешката, останува правото на странките да поведат парница за утврдување право на сопственост.

13. **ПРАШАЊЕ:** Оставината е поднесена од предлагач физичко лице, кое исто така повело постапка за стечај на фирма каде основач и управител е покојното лице – оставителот. Постапката за стечај е прекината согласно со член 200 став (1) од ЗПП. Наследниците доставуваат полномошна на адвокат со кои се откажуваат од наследство и за имотот кој доставен од предлагачот, а тоа е ДООЕЛ фирма. Нотарот има сознанија дека оставителот има и друг имот, но тие не доставуваат докази и единствен имот е таа фирма. Наследници се сопругата, синот кој има малолетни деца и ќерката која е странски државјанин и живее во странство. Како треба да се постапи понатаму, дали да се бара изјава дека се откажуваат од свое име и понатаму дали е потребно да се извести ЦРС, бидејќи наследникот има малолетни деца, или да се исцрпуваат другите наследни редови, и како се запишува имотот на РСМ, односно дали треба да биде запознаен и државниот правобранител?

**ОДГОВОР:** Во конкретниот случај треба да се примени член 128 од Законот за наследувањето. Наследникот може да даде изјава со која изрично се откажува само од свое име. Како резултат на тоа, наследникот кој се откажал само од свое име се смета како да не бил никогаш наследник, во согласност со член 128 став (4) од Законот за наследувањето. Оваа негативна наследничка изјава подразбира дека наследникот не се откажува од името на своите потомци, кои во овој случај, врз основа на правото на претставување ќе можат да се јават како потенцијални наследници. Во таа смисла, член 135 од Законот за наследувањето пропишува дека *„делот на законскиот наследник кој се откажал од наследство само во свое име се наследува како да умрел тој наследник пред оставителот“*.

14. **ПРАШАЊЕ:** Доколку во оставинската постапка е приложен тестамент или договор за доживотна издршка, или доколку во оставинската постапка се предложува спогодбена делба, дали нотарот треба да го прифати полномошното од адвокатот кое е воопштено само за застапување во таа оставинска постапка, каде не е детално споменат тестаментот, односно во случај кај договор за доживотна издршка не е наведен договорот, или кај делбата не е конкретно наведено делот што треба да го прими наследникот кој го застапува адвокатот, од причина што често адвокатите реагираат дека таквите полномошна треба да ги прифаќаме и дека тие ја сносат одговорноста.

**ОДГОВОР:** Во конкретниов случај нотарот треба да го прифати полномошното од адвокатот кое е воопштено само за застапување во оставинската постапка, каде не е детално споменат тестамен-

тот, односно во случај кај договор за доживотна издршка не е наведен договорот или кај делбата не е конкретно наведен делот што треба да го прими наследникот кој го застапува адвокатот.

15. **ПРАШАЊЕ:** Дали во постапка за расправање на дополнително пронајден имот (предмет кој се заведува со нов број и од судот се добива нов предмет согласно со Судскиот деловник) е потребно покрај доказите за новопронајдениот имот да се доставуваат повторно докази во смисла на изводи од МКУ и изводи од МКР за наследниците. Пред донесувањето на новиот Судскиот деловник, првиот предмет се враќаше кај нотарот и се продолжуваше постапката во рамките на истиот предмет со ново решение за дополнително пронајден имот, а сега судот формира нов предмет и го распределува кај нотар.

**ОДГОВОР:** Во постапка за расправање на дополнително пронајден имот, покрај доказите за новопронајден имот, нема потреба да се доставуваат повторно докази во смисла на изводи од МКУ и изводи од МКР за наследниците, освен ако нема промени.

Нотарот од судот ќе го прибави предметот за првобитно расправената оставина, по што ќе ја продолжи постапката за расправање на дополнително пронајдениот имот.

16. **ПРАШАЊЕ:** Дали треба да се повикуваат сите наследници во ситуација кога во списите од предметот постои договор за доживотна издршка и дали наследниците е потребно да имаат адвокат со оглед на тоа што се донесува решение со кое се запира постапката поради постоење на договорот за доживотна издршка?

**ОДГОВОР:** Имотот опфатен со договорот за доживотна издршка не влегува во оставинска маса и по однос на тој имот оставинската постапка се запира со формално решение кое се доставува до учесниците во постапката.

Врз оставинската постапка без влијание е фактот дали некој од учесниците во постапката го оспорува склучениот договор за издршка и поради тоа постапката не се прекинува.

17. **ПРАШАЊЕ:** Во оставински постапки каде што нема адреси од наследниците во смртовницата, има само место во кое живееат, нема улица и број, на телефонските контакти не одговараат, нема можност за покана и водење на постапка, како да се затворат овие предмети по оставинска постапка?

**ОДГОВОР:** Во вакви случаи, доколку во смртовницата нема имот, предметите можат да се завршат на начин што нотарот со решение или на записник ќе донесе решение за запирање на постапка во согласност со член 165 став (1) од ЗВП.

Доколку во смртовницата има имот, потребно е да се објави оглас во согласност со член 168 од ЗВП.

18. **ПРАШАЊЕ:** Кога наследниците наведени во смртовницата не доаѓаат на рочиште и покрај три уредни покани, по член 165 став (1) од ЗВП нотарот со решение го враќа предметот на судот. Судот бара нотарот да ја расправи оставината (со обврска нотарот сам да обезбеди докази за оставината) и по правосилноста на решението, оставинскиот предмет да го врати во судот. Врз основа на кој законски пропис нотарот има обврска да обезбедува докази за оставината на оставителот, кога тоа е обврска на наследниците?

**ОДГОВОР**: Во конкретниов случај, нотарот постапил правилно ако донел решение со кое се запира оставинската постапка затоа што покојниот нема имот во согласност со член 165 став (1) од ЗВП.

19. **ПРАШАЊЕ:** Дали нотарот може да ја укине потврдата на правосилност на своето решение за наследување?

**ОДГОВОР:** Потврдата на правосилност ја укинува органот што ја ставил потврдата, па произлегува дека нотарот може да ја укине потврдата на правосилност на решението за наследување во согласност со член 12 став (3) од Законот за извршување.

20. **ПРАШАЊЕ:** Дали во оставинска постапка во која предмет на наследување е оружје, нотарот има обврска да достави службено до МВР примерок од Решението?

**ОДГОВОР:** По правосилноста на решението за наследување, со кое е опфатено и оружјето на оставителот, нотарот ќе достави известување до надлежниот орган на МВР во согласност со член 39 став (8) од Законот за оружјето.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

# ГЛАВА III

## ЈАВНИ ОПОМЕНИ

## ДП. бр. 8/2023

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со членовите 139 став (2) и 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 14/16 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП. бр. 8/23 од 14.5.2024 година, на нотарот Е. С. за подрачје на Основниот суд во Прилеп, за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 4) – „непријавување на своето отсуство од местото на своето седиште каде што ја врши работата“, му е изречена единствена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

## ДП. бр. 9/2023

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со членовите 139 став (2) и 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 14/6 и 233/18, **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП. бр. 9/23 од 14.5.2024 година, на нотарот Е. М. за подрачје на Основните судови на градот Скопје, за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 3) – „неуредно водење на нотарските деловни книги“, му е изречена единствена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

## ДП. бр. 3/2024

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со членовите 139 став (2) и 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 14/16 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, ДП. бр. 3/24 од 28.05.2024 година, на нотарот В.А. за подрачје на Основните судови на градот Скопје, за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) -„непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа“, член 139 став (1) алинеја 3) – „неуредно водење на нотарските деловни книги“, му е изречена единствена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

# ГЛАВА IV

## ИНФОРМАЦИИ ЗА НОТАРИ

# НОТАРИ НА КОИ ИМ ПРЕСТАНАЛА СЛУЖБАТА

Во согласност со член 18 став (1) точки б) и в) од Законот за нотаријатот, во текот на 2024 година, им престана службата на следниве нотари:

1. Нотар **Јорданка Митевска,** именувана за подрачјето на Основниот суд во Куманово,
2. Нотар **Сашо Клисароски,** именуван за подрачјето на Основните судови на градот Скопје,
3. Нотар **Маргарита Вангелова,** именувана за подрачјето на Основниот суд во Гевгелија,
4. Нотар **Ленче Каранфиловска,** именувана за подрачјето на Основниот суд во Штип,
5. Нотар **Звонимир Јованов,** именуван за подрачјето на Основниот суд во Велес,
6. Нотар **Снежана Бубевска,** именувана за подрачјето на Основните судови на градот Скопје,
7. Нотар **Соња Катранџиска Кимова,** именувана за подрачјето на Основниот суд во Штип,
8. Нотар **Вера Станоевска,** именувана за подрачјето на Основните судови на градот Скопје,
9. Нотар **Мексуд Максуд,** именуван за подрачјето на Основниот суд во Ресен,
10. Нотар **Билјана Дамјановска Јанчевска,** именувана за подрачјето на Основниот суд во Битола,
11. Нотар **Елизабета Арсовска,** именувана за подрачјето на Основните судови на градот Скопје,
12. Нотар **Весна Василеска,** именувана за подрачјето на Основниот суд во Гостивар,
13. Нотар **Невенка Зојчевска Вучидолова,** именувана за подрачјето на Основните судови на градот Скопје.


НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE DU NORD
ИМЕНИК
НА НОТАРИТЕ
Нотарска комора на Република Северна Македонија
1000 Скопје, бул. „8 Септември“ бр. 2/2
Тел.: +389 2 3115 816
Секретар (лице за контакт): моб.: +389 78 219 867
e-mail: contact@nkrm.mk • www.nkrm.org.mk

## 1000 СКОПЈЕ ++389
## НОТАРИ СО СЛУЖБЕНО СЕДИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

| # | СЛИКА | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | АДРЕСА | ТЕЛ./ФАКС |
|---|---|---|---|---|
| 01 |  | **Анита<br>АДАМЧЕСКА** | Васил Главинов<br>3-3/2 | 02/3225-365<br>070/740-461<br>anita_notar@yahoo.com |
| 02 |  | **Мајљинда<br>АЈДАРИ** | Крсте Мисирков<br>918/1/1-8 | 02/3203-907<br>070/374-284<br>majlinda.ajdari@gmail.com |
| 03 |  | **Фатмир<br>АЈРУЛИ** | Њуделхиска<br>15А-1/Б | 02/2656-866<br>076/260-053<br>fatmir.ajruli@nkrm.org.mk<br>fatmirajruli@gmail.com |
| 04 |  | **Анета<br>ПЕТРОВСКА<br>АЛЕКСОВА** | Плоштад Македонија<br>Никола Вапцаров<br>3/1 | 02/3114-008; 02/3165-018<br>078/307-922; 070/307-922<br>aneta@notari-petrovski.mk<br>beti@notari-petrovski.mk |
| 05 |  | **Башким<br>АМЕТИ** | Ѓорче Петров 33<br>зграда 1, локал 8 | 02/2051-419<br>070/444-400<br>notar.ameti@gmail.com |
| 06 |  | **Ванчо<br>АНДОНОВСКИ** | Кочо Рацин<br>7А/1-2 | 02/3136-178<br>075/554-433<br>notarandonovski@t.mk<br>backoffice@t.mk |
| 07 |  | **Агрон<br>АРСЛАНИ** | Џон Кенеди 155<br>влез 002<br>мезанин 007 | 02/2667-666<br>071/658-555<br>agron.arsllani@nkrm.org.mk<br>notar.agronarsllani@hotmail.com |
| 08 |  | **Матилда<br>БАБИЌ** | Партизански одреди<br>55/1-1 | 02/3246-641<br>078/235-817<br>babicmat@yahoo.com |
| 09 |  | **Ељхам<br>БИСЛИМИ** | Босна и Херцеговина<br>згр. 1 вл. 2 кат ПР бр. 1 | 02/2661-669<br>070/208-176<br>elham.bislimi@yahoo.com |

| # | СЛИКА | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | АДРЕСА | ТЕЛ./ФАКС |
|---|---|---|---|---|
| 10 |  | **Сања<br>БОЗОСКА** | Петричка<br>6/I-4 | 02/5203-800<br>075/342-844<br>notar.bozoska@gmail.com |
| 11 |  | **Ана<br>БРАШНАРСКА** | Македонија<br>31-1/3 | 02/3100-130<br>072/248-915<br>info@notarbrasnarska.mk<br>contact@notarbrasnarska.mk |
| 12 |  | **Срна<br>БУБЕВСКА** | Јане Сандански<br>24<br>локал 5 | 02/2450-004<br>070 399 870<br>notarsrna@gmail.com<br>notarklient@gmail.com |
| 13 |  | **Сашо<br>ВАСИЛЕВСКИ** | Св. Кирил и Методиј<br>52 Б/1-3 | 02/3161-110<br>070/237-006<br>sasho.k.vasilevski@gmail.com |
